20260460757

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/22, 208/24, 59/25 и 267/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 февруари 2026 година, донесе

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ 2026-2029

## ВОВЕД ВО СТРАТЕГИЈАТА

### 1.1. Извршно резиме

Целта на Националната Стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам 2026-2029 (во понатамошниот текст: Национална стратегија) е да обезбеди спроведување на заложбата на нашата земја за преземање решителни акции во борба против перењето пари, финансирањето тероризам и финансирањето на ОМУ. Незаконското користење на средствата или движење на средствата добиени од нелегални извори, кои потоа циркулираат во нашиот национален, како и меѓународен финансиски систем претставува сериозни социо-економски проблем, безбедносен ризик за Република Северна Македонија, како и за безбедноста во пошироки рамки. Овие ризици, влијаат во голема мера и на поткопување на владеењето на правото, транспарентноста и интегритетот на институциите во јавниот и политичкиот живот, како и на економска и финансиска стабилност. Оттука, борбата против перењето пари, финансирањето на тероризам и финансирањето на ОМУ (финансирање на пролиферација) е од национално значење за нашата земја.

Постоењето на силен систем и широка рамка против перење пари (ПП), финансирање на тероризам (ФТ) и финансирање на пролиферација (ФП) го штити системот на нашата земја од нелегални активности и незаконски текови на средства и ја зајакнува репутацијата на Република Северна Македонија како доверлив меѓународен финансиски систем во рамки на регионот на Западен Балкан, како и заедничкиот пазар на Европската унија.

Земајќи ги предвид наодите од Националната проценка на ризик од перење пари, финансирање на тероризам и финансирање на ОМУ, како и препораките содржани во Извештајот на Комитетот MONEYAL за Република Северна Македонија, Националната стратегија го дава планот на нашата земја за справување со идентификуваните закани и ризици за ПП, ФТ и ФП и ги утврдува активностите што треба да се преземат во следниот 4 годишен период со цел ефикасно да управување со овие ризици, како и подобрување на правната и институционалната рамка за спречување на ПП, ФТ и ФП

(СПП/ФТ/ФП) и зголемување на ефикасната имплементација на меѓународните стандарди за СПП/ФТ/ФП.

За постигнување на овие цели, стратегијата идентификува осум (8) Приоритетни области[1] и дефинира мерки и активности детално презентирани во Акциониот план, со обврска за реализација на надлежните институции вклучени во системот за СППФТ во периодот 2026-2029 година. Структурата на приоритетните области презентирани во Националната стратегија ја следи содржината на Извештајот на Комитетот MONEYAL за Република Северна Македонија во рамки на 5-от круг на евалуација кој беше усвоен во мај 2023 година.

Исто така овој стратешки документ, уште еднаш ја потврдува политичката волја, но и силната посветеност на институциите во Република Северна Македонија за дизајнирање на политики и конкретни мерки за СПП/ФТ/ФП кои се од суштествено значење на заштита на интегритетот и стабилноста на финансискиот систем , економијата, безбедноста и сигурноста на граѓаните.

## 1.2. Основ на обврската за подготвување и предлагање на стратегијата

Меѓународните стандарди ја наметнуваат обврската политиките за СПП/ФТ/ФП да се градат врз основа на принципот заснован на ризик. Препораките на ФАТФ[2] и ЕУ Директивите[3] пропишуваат обврска државите да спроведат сеопфатни и комплементарни активности за да се идентификува, процени и разбере ризикот од ПП, ФТ и ФП, кои ќе бидат основа да се креираат политики за спречување на ПП, ФТ и ФП кои треба да го пресретнат утврдениот ризик, како и да извршат правилна алокација на ресурсите.

Наведените стандарди на градењето на политики условени од претходно спроведената проценка на ризикот е инкорпорирана во Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам[4] и претставува основа за донесување на новата Националната Стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам.

Националната Стратегија се надоврзува на претходните четири стратешки документи, со што се обезбедува континуитет во динамиката за унапредување на системот за СПП/ФТ.[5] Нивната досегашна имплементација придонесе кон континуирано надоградување на националниот систем во кој се вградени препораките на ФАТФ, како и одредбите на релевантните ЕУ директиви.

## 1.3. Поврзаност со другите стратегии во областа и сродни области

---

[1] ПО 1- Национална политика за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и оружје за масовно уништување и координација, ПО 2- Правен систем и оперативни прашања, ПО 3- Спречување на финансирање на тероризам ПО 4- Спречување на финансирање на ширење на оружје за масовно уништување, ПО 5- Превентивни мерки, ПО 6- Надзор, ПО 7- Правни лица и аранжмани и ПО-8 Меѓународна соработка

[2] Препорака 1: Проценување на ризикот и примена на пристап заснован на ризик;

[3] ЕУ Директива 2018/843

[4] Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам ("Службен весник на Република Северна Македонија " бр.151/2022 и 208/2024) член 4

Национална стратегија за борба против перењето пари и финансирањето на тероризмот (2005-2008); (2009-2011); (2012-2014); (2021-2024)

### 1.3.1. Комплементарност со националните стратегии во сродните области

Целите на оваа Национална стратегија, како и предложените мерки се комплементарни со целите и мерките на следните стратешки документи и сите заедно придонесуваат кон јакнење на капацитетите на националниот систем за владеење на правото и борба против организираниот криминал и корупција, како и за зајакнување на националната безбедност.

**Национална развојна стратегија (НРС) 2024-2044**[6], стратешки документ кој ја утврдува визијата и патоказот за развој на државата за наредните две децении,[7] ги насочува напорите на институциите кон зголемување на ефикасноста во борбата против организираниот криминал, корупцијата и злоупотребата на власта на сите нивоа. Национална развојна стратегија 2024-2044, Стратешка област "Владеење на правото и добро управување", Приоритет: Ефикасна борба против корупцијата, организираниот криминал и злоупотреба на власта на сите нивоа.Овој приоритет утврден во НРС може да се оствари преку преглед на воспоставените практики, идентификување на системските слабости, давање препораки до сите релевантни учесници, што всушност е и основната заложба на оваа Национална Стратегија.

**Национална стратегија за безбедност на Република Северна Македонија (2024-2029)**[8], дефинирајќи ги заканите на внатрешен план, ги проценува организираниот криминал и корупцијата како закани со висок интензитет на среден рок. Легализацијата на нелегално стекнатите средства преку разни форми на перење пари е препознаена како дополнителна закана која го поткопува финансискиот систем и стимулира натамошно инволвирање на организираните криминални активности.

**Реформска агенда за Северна Македонија (2024-2027)**[9] како дел од Инструментот за реформи и раст 2024-2027 кој треба да обезбеди клучна поддршка на земјите од Западен Балкан, во областа *Фундаментални вредности/владеење на правото* предвидува конкретни мерки за обезбедување независност, квалитет и интегритет на судството и јавното обвинителство, борба против корупција и борба против организираниот криминал. Навременото и целосното исполнување на мерките утврдени во Реформската агенда ќе имаат суштествено влијание врз капацитетите на институциите за водење истраги, санкционирање на сторителите и конфискација на незаконскиот имот што е една од приоритетните области на Националната стратегија.

**Национална стратегија за борба против тероризмот (2023-2027)**, која во областа на Превенција за стратешка цел поставува: Идентификување, следење и попречување на финансирање на тероризам.

**Националната стратегија за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот (2025-2028)** преку дефинирање на конкретни мерки се стреми за воспоставување на ефикасен систем на конфискација на имот и имотна корист со видливи и мерливи

---

[6] Службен весник на Република Северна Македонија бр.222/2024

[7] Национална развојна стратегија 2024-2044, Стратешка област "Владеење на правото и добро управување", Приоритет: Ефикасна борба против корупцијата, организираниот криминал и злоупотреба на власта на сите нивоа.

[8] htps://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/nacionalna_strategija_za_bezbednost_na_republika_severna_makedonija_1.docx_2.pdf

[9] https://www.mep.gov.mk/data/file/Reformska%20Agenda/MK%20Reform%20Agenda_MK.pdf

резултати во борбата против организираниот криминал и корупцијата. Во фокусот на наведената стратегија и на Националната стратегија е јакнење на капацитети на институциите за пронаоѓање, идентификација и следење на незаконски стекнатиот имот во земјата и странство, негово навремено обезбедување, одземање и управување. Во дефинирањето на мерките на оваа стратегија вградени се препорачаните мерки од Извештајот на Moneyval Комитетот, кои се преточени и во Акцискиот план усвоен од Владата за имплементација на овие препораки.

**Стратегија за формализирање на неформалната економија на Република Северна Македонија (2023-2027)** со Акциски План (2023-2025) за главна цел поставува намалување на учеството на неформалната економија во вкупните економски активности на земјата, преку намалување и елиминирање на факторите кои стимулираат неформални активности и со тоа придонес кон намалување на бројот на нерегистрирани деловни субјекти и бројот на неформално вработени лица. Ефикасната имплементација на мерките на Акцискиот План се очекува да придонесе кон намалување на процентот на неформалната економија и зајакнување на отпорноста на системот за идентификување и попречување на нелегалните финансиски текови.

**Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција** (2021-2025) поставува стратешки приоритети и механизми за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и воедно дизајнира сеопфатни политики и механизми за нивно справување на национално и локално ниво. Ефикасноста на наведената секторска политика, особено резултатите од ефикасното откривање и гонење на сторителите на наведените кривични дела ќе придонесат кон поголема ефикасност и во однос на перење пари бидејќи трговијата со луѓе е дефинирана како кривично дело со висока закана за перење пари.

**Национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси** 2021-2025[10] во Секторот 5.2. Правосудство, предвидува мерки и активности за зајакнување на капацитетите и посветеноста на јавното обвинителство и судството во откривањето и санкционирањето на корупцијата како и јакнење на отпорноста во нивните редови.

**Развојна секторска стратегија за правосудство** (2024-2028)[11], во *Приоритетна област 1 Судство и јавно обвинителство во согласност со стандардите на ЕУ* дефинира конкретни мерки за унапредување на независноста на судството и самостојноста на јавното обвинителство, обезбедување ефикасност на правосудниот систем во согласност со ЕУ стандардите. Успешната реализација на наведените активности има директна рефлексија врз исполнување на целите на Националната стратегија во *Приоритетна област 2 Правниот систем и оперативни работи* (водење финансиски и криминалистички истраги, пресуди, конфискација).

**Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2021-2025**[12] во *Поглавјето 4.Слободно движење на капитал, Поглавјето 24. Правда, слобода и безбедност*, област борба против организираниот криминал и *Поглавјето 31 Надворешна, безбедносна и одбранбена политика* ги

---

[10] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/01/Nacionalna-strategija-DKSK-KONECNA.pdf
[11] Развојна секторска стратегија за правосудство (2024-2028)- Достапно на Pravda.gov.mk/регулатива/стратегии
[12] Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2021-2025, Достапно на mep.gov.mk/праа - *Поглавје 4, Поглавјето 24.*

дефинира краткорочните и среднорочните приоритети кои имаат влијание за спречувањето на ПП и ФТ.

Со **Одлуката за утврдување на стратешките приоритети 2024-2028**[13], Владата на Република Северна Македонија високо на својата агендата го поставува приоритетот *обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото*. За остварување на наведениот стратешки приоритет Владата утврдува конкретни цели меѓу кои одлучна и неселективна борба против организираниот криминал и корупцијата, како и градење на институционални капацитети за конфискација, поврат на имот и управување со конфискуваниот имот. Од друга страна, заложбите за заштита на интегритетот на финансискиот и нефинансискиот сектор од заканите од ПП и ФТ а со тоа и зацврстувањето на националната безбедност, конкретизирани преку мерките содржани во Националната стратегија несомнено ќе допринесат кон постигнување на наведените стратешки цели.

### 1.3.2. Усогласеност со стратегиите и политиките на Европската Унија

Националната стратегија дефинира конкретни мерки за имплементација на стандардите на Европската Унија во спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам[14] кои несомнено ќе придонесат кон зајакнување на националниот систем. Институциите вклучени во имплементација на Националната стратегија ќе продолжат да ги следат напорите кои ги презема Европската Унија за понатамошно јакнење на интегритетот на финансискиот систем на ЕУ ниво и обезбедување поголема поддршка на единиците за финансиско разузнавање[15] со цел да се обезбеди дека националните правила се во согласност со највисоките европски стандарди.

Во фокусот на оваа стратегија е и дефинирање конкретни мерки кои ќе обезбедат имплементација на препораките од Извештајот од 5-от круг на евалуација на системот за спречување перење пари и финансирање тероризам на Комитетот MONEYVAL при Советот на Европа, усвоен во мај 2023 година, како и понатамошно усогласување со FATF-препораките.

---

[13] Одлуката за утврдување на стратешките приоритети 2024-2028 Службен весник на Република Северна Македонија бр.177/2024

[14] Директива (ЕУ)2018/843 на Европскиот Парламент и Советот од 30 мај 2018 година за изменување и дополнување на Директивата (ЕУ)2015/849 за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари или финансирање на тероризам и изменување и дополнување на Директивите 2009/138/ЕЗ и 2013/36/ЕУ, Директива (ЕУ)2018/1673 на Европскиот Парламент и Советот од 23 Октомври 2018 за спречување на перење пари со кривично правни средства PE/30/2018/REV/1, Директива (ЕУ) 2019/1153 на Европскиот Парламент и Советот од 20 јуни 2019 за поставување правила кои ќе го олеснат користењето на финансиски и други информации за спречување, откривање, истрага и гонење на одредени кривични дела; Регулатива 2023/1113 на Европскиот Парламент и на Советот од 31 мај 2023 за информациите што ги придружуваат трансферите на средства и одредени крипто средства и изменување на Директивата (ЕУ) 2015/849

[15] Пакет на легислативни измени усвоен во Јули 2021 година: Регулатива за воспоставување на нова ЕУ AML/CFT Агенција; Регулатива за AML/CFT која содржи директно применливи правила, 6-та Директива за AML/CFT, ревизија на Регулативата 2015 за трансфери на средства за следење на трансфери на крипто средства

## 1.4. Методолошки пристап при изготвување на стратегијата

При утврдување на структурата на Националната стратегијата следена е "Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии" како и насоките од "Упатството за структурата, содржината и начинот подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и меѓу секторските стратегии" усвоени од Владата на Република Северна Македонија на 25 мај 2022 година[16].

Во идентификувањето на недостатоците на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и во дефинирање на приоритетите, Националната стратегија се темели на препораките на НРА која е изготвена согласно методологијата на Светска банка за утврдување на ризици од перење пари, финансирање на тероризам. Во процесот на утврдување на ризиците од пролиферација користена е методологијата на Институтот за одбранбени и безбедности студии (RUSI) како и Упатството за спроведување проценка на ризик од финансирање на ширење на ОМУ на FATF. Исто така, направена е анализа на активностите кои беа дел од последната национална стратегија, а кои не беа во целост имплементирани или имаа одложена примена.

Водечки принципи на кои се темели процесот на изготвување на Националната стратегија:

(1) Отчетност и ориентација кон испорачување на конкретни резултати;

(2) Усогласеност со политиките на ЕУ и стандардите на ФАТФ;

(3) Успешно завршување на реформите неопходни за процесот на европска интеграција;

(3) Партнерство на јавниот и приватниот сектор;

(4) Усогласеност и конзистентност на политиките, особено со политиките кои го градат интегритетот и независноста на субјектите вклучени во системот за спречување ПП и ФТ;

(5) Релевантност и веродостојност на податоците;

(6) Економичност, ефикасност и ефективност на предложените мерки;

(7) Одржливост на предложените мерки, нивен мониторинг и по потреба нивна ревизија

(8) Избегнување на дуплирање и преклопување со другите постоечки стратегии во сличните или релевантните области

## 1.5. Опис на процесот на вклучување на засегнатите страни во подготвување на стратегијата

Процесот на изготвување на Националната стратегија беше координиран од страна на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам, а спроведен од страна на формирана работна група со претставници од релевантните институциите вклучени во системот за СППФТ: УФР, МВР,УФП, ЦУ, УЈП, ОЈОГОКК, Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за правда, Министерството за финансии, Народна банка на Република Северна

16 "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/22

Македонија, Комисија за хартии од вредност, Агенција за супервизија на капитално финансиско пензиско осигурување, Агенција за супервизија на осигурување, Агенција за пошти, Адвокатска комора на Република Северна Македонија, Нотарска комора на Република Северна Македонија, Институт на овластени ревизори, Институт на сметководители и овластени сметководители. На овој начин обезбедена е широка меѓуресорска консултација, инклузивен и мултидисциплинарен пристап при дефинирање на стратешките цели и приоритети кои нашата држава треба да ги достигне во наредниот четиригодишен период. Процесот на изготвување на Националната стратегија беше поддржан од Програмската Канцеларија на Советот на Европа во Скопје, во рамки Акцијата против економскиот криминал во Северна Македонија, како дел од ЕУ/CoE Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција-Фаза III.

## 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### 2.1. Анализа на актуелната состојба во областа

Потврдувајќи ја својата заложба да го гради националниот систем за ПП, ФТ и ПФ во согласност меѓународните стандарди, Република Северна Македонија воспостави правна рамка која во голема мера е во согласност со ФАТФ препораките и изгради институционална структура која вклучува широк спектар на институции надлежни за спречување, надзор, откривање, истрага на ПП и ФТ, вклучувајќи и конфискација на незаконито стекнатиот имот. Препознавајќи ги вложените напори, Комитетот на MONEYAL во рамки на 5-от круг на евалуација[17], оценува дека од последната евалуација Република Северна Македонија ја зајакна својата правна рамка и има поставено цврсти темели на здрав систем за справување со ПП и ФТ.

#### 2.1.1. Правна рамка

Превенцијата од ПП, ФТ и ФП е регулирана со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам[18] кој ги уредува мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните органи и тела ги преземаат заради откривање и СППФТ, како и работењето и надлежноста на УФР. Наведениот закон во голема мерка е усогласен со релевантните ЕУ директиви во оваа област[19] и ревидираните препораки на ФАТФ. Посветеноста за целосно техничко усогласување со препораките на ФАТФ се потврдува со последните законски измени (Октомври 2024) кои се донесени со цел адресирање на недостатоците на

[17] Извештајот на Комитетот MONEYAL за Република Северна Македонија беше усвоен во мај 2023 година

[18] Службен весник на Република Северна Македонија " бр.151/2022 и 208/2024

[19] Директива 2015/849 на Европскиот Парламент и на Советот од 20 мај 2015 година за спречување на употреба на финансискиот систем за целите на перење пари или финансирање на тероризам, Директивата 2018/843 на Европскиот Парламент и Советот од 30 мај 2018 година за изменување на и дополнување на Директивата 2015/849 за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари или финансирање на тероризам и изменување и дополнување на Директивите 2009/138/ЕЗ и 2013/36/ЕУ и Регулативата 2023/1113 на Европскиот Парламент и Советот од 31 мај 2023 за информациите што ги придружуваат трансферите на средства и крипто средства и изменување на Директивата 2015/8499.6.2023

одредбите на овој закон утврдени во Извештајот од 5-от круг на евалуација на Комитетот на MONEYVAL усвоен во мај 2023 година.

Перење пари е инкриминирано како посебно кривично дело *Перење пари и други приноси од казниво дело* во член 273 од Кривичниот Законик на Република Северна Македонија, дејствијата на *Финансирање на тероризам* се инкриминирани во член 394-в од Кривичниот Законик, додека во член 322-а став 2 *Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации* инкриминирано е обезбедувањето, барањето, собирањето, прикривањето на финансиски средства, фондови, материјални средства и опрема за извршување на ова кривично дело. Анализирајќи го степенот на усогласеност на кривичното дело "Перење пари и други приноси од казниво дело" со препораката на ФАТФ бр. 3, во Извештајот на MONEYAL се констатира дека Северна Македонија ги криминализира повеќето аспекти на перењето на пари. Сепак неговата примена во пракса, односно благата казнена политика го зголемува ризикот од вршење на ПП во државата. Имено, во периодот од 2019-2023 за кривичното дело ПП осудени се 20 лица, од кои на 13 физички лица им е изречена парична казна, што е во спротивност со генералната и специјалната превенција на изречената казна и ја доведува во прашање соодветноста на казнената политика за спречување на ПП во Република Северна Македонија (подетален приказ во Приоритетната област: Правниот систем и оперативни работи). Измените на Кривичниот законик од септември 2023 година ја ослабнаа правната рамка, негативно влијаејќи на гонењето на корупцијата, особено предметите на корупција на високо ниво, како и злоупотреба на службената положба.[20] Со овие измени се намалени казните за кривичните дела "Злоупотреба на службена положба и овластување", "Несовесно работење во службата", како и "Злосторничкото здружување", што е основа на борбата против организираниот криминал.

Законот за рестриктивни мерки[21] ја уредува постапката за воведување, изменување и престанување на важење на рестриктивните мерки, спроведувањето, координацијата, евиденцијата, надзорот и други прашања кои се однесуваат на рестриктивните мерки, вклучително и на финансиските мерки против тероризам и/или пролиферација.

Во правната рамка како особено значајни правни акти кои уредуваат одредени аспекти од оваа област се и Законот за меѓународна соработка во кривичната материја[22], Законот за спречување на корупција и судир на интереси[23], како и секторските закони кои ја уредуваат надлежноста на субјектите кои имаат обврска да преземаат мерки за СППФТ: Законот за банките[24], Закон за Народна банка на Република

[20] Европска Комисија: Извештај за Република Северна Македонија за 2024 година, стр.7
[21] Службен весник на Република Македонија 190/2017
[22] Службен весник на Република Северна Македонија бр.77/2021
[23] Службен весник на Република Македонија бр.12/2019
[24] Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 101/19, 122/21, 125/21 и 37/2025

Северна Македонија[25], Закон за хартии од вредност[26], Закон за финансиски инструменти[27] , Закон за инвестициски фондови[28], Закон за платежни услуги и платни системи[29], Закон за супервизија на осигурување, Закон за финансиски друштва[30] Закон за игри на среќа и за забавни игри[31], Законот за Управата за јавни приходи,[32] Закон за даночна постапка[33], Закон за нотаријатот[34], Закон за адвокатура[35], Закон за трговски друштва, Закон за контрола на извоз на стоки и технологија за двојна употреба, Закон за вршење сметководствени работи,[36] Закон за поштенски услуги[37].

### 2.1.2. Институционална структура

Воспоставена е институционална структура во која активно учествуваат субјектите од ЗСППФТ кои се задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на ПП и ФТ, органите на надзор, органите за спроведување на законите и правосудните органи.

Централна институција која дејствува како посредник меѓу овие институции е УФР која е основана за целите на прибирање и анализа на извештаи за сомнителни трансакции и други информации од значење за спречување ПП и ФТ и доставување на резултатите од анализата и другите релевантни информации до надлежните органи кога постојат основи на сомневање за ПП и ФТ.

Генерална констатација содржана во Извештајот на MONEYAL е дека институциите во Северна Македонија имаат добро разбирање на ризиците од ПП и ФТ во земјата, при што се предочува дека УФР, органите за спроведување на законот (МВР, ЦУ и УФП) и финансиските надзорни тела подобро ги разбираат овие ризици отколку судските и јавно обвинителските органи.

**Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам** е формиран со цел унапредување на меѓу институционалната соработка, координирање на активностите за спроведување на НРА и унапредување на системот за борба против ПП и ФТ. Работата на Советот ја раководи директорот на УФР, а негови членови се раководни и одговорни лица од МВР, МП, МФ, ОЈОГОКК, УФП, ЦУ, УЈП, НБРСМ, КХВ, АСО, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенција за пошти како и претставници на Адвокатска Комора, Нотарска Комора, Институт на

---

[25] („Службен весник на РМ" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 110/21, 74/24 и 16/25.

[26] Службен весник на РМ бр. бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/2020, 288/2021. 54/2024 и 3/2025).

[27] Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 66/2024)

[28] (Службен весник на Република Македонија бр. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 31/20, 150/21 и 288/21).

[29] "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 90/22, 64/24 и 37/25

[30] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 173/22 и 154/23)

[31] Службен весник на Република Северна Македонија " бр.251/22

[32] Службен весник на Република Северна Македонија бр.87/23

[33] Службен весник на Република Северна Македонија 275/19... 247/22

[34] Службен весник на Република Македонија" бр.72/16,142/16 и 233/18

[35] Службен весник на Република Северна Македонија бр.199/2023

[36] Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 173/22

[37] "Службен весник на Република Македонија ", бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022, 284/2023 и 224/2024).

овластени ревизори и Институтот на сметководители и овластени сметководители. Стручно-административните работи на Советот ги врши УФР.

### 2.1.3. Приоритетни активности

Комитетот MONEYAL во рамки на 5-иот круг на евалуација, по спроведената сеопфатна проценка на усогласеноста на националното законодавство со меѓународните стандарди на ФАТФ, како и ефективноста на нивното спроведување ги утврдува приоритетните активности кои Северна Македонија треба да ги преземе. Наведените препораки се целосно прифатени од страна на Владата и надлежните институции, а предложените мерки и активности во оваа стратегија ги адресираат следните препораки на MONEYVAL:

- Толкувањето и разбирањето на кривичното дело перење пари од страна на судството треба да се усогласи со меѓународните стандарди и **постоењето на обвинение за предикативното кривично дело не е предуслов за поднесување на обвинение** за перење пари пред суд. Јавното обвинителство треба да усвои насоки за политиката кои ќе ја нагласат важноста на постапување во случаите за перење пари без да се чека пресудата за предикативното дело;
- Треба да се надминат законодавните и техничките недостатоци во однос на **должината на мерките за запленување/замрзнување во предистражната фаза** за да се ограничи можноста од предвремено ослободување на имотот;
- **Органите за спроведување на законот и ЈО треба да го користат финансиското разузнавање,** вклучително и десеминациите од УФР за поактивно развивање докази и започнување истраги во врска со ПП/ФТ и основните предикативни кривични дела. Исто така, органите за спроведување на законот и ЈО **треба да обезбедуваат редовни повратни информации до УФР** за употребата на финансиското разузнавање, така што УФР може подобро да ја приспособи својата активност на оперативните потреби на органите за спроведување на законот, вклучително и понатамошно приоретизирање на неговото ширење.
- Потребно е да се **отстранат преостанатите недостатоци во криминализирањето на финансирањето на тероризмот** и на начин на кој се смета за соодветен (пр. преку обезбедување правно толкување или издавање на насоки) да се елаборираат клучните принципи за усогласена и унифицирана примена на релевантното законодавство, односно примена на член 322 (а) од КЗ.
- **Таргетираните финансиски санкции (за ФТ и за финансирање на пролиферацијата)** треба **да се прошират на сите правни и физички лица,** а не само на субјектите и Агенцијата за катастар. Властите треба да преземат чекори за понатамошно подобрување на свеста за таргетираните финансиски санкции меѓу надлежните органи и обврзаните субјекти.
- Потребно е да се преземат чекори кои ќе обезбедат **надзор заснован на ризик или мониторинг на секторот непрофитни организации кои се со поголем ризик од злоупотреба на ФТ,** без при тоа да ја попречува легитимната активност на непрофитните организации.

Исто така треба да се размисли за ажурирање на проценета за ризици на непрофитни организации за дополнително да го зајакне разбирањето на оние непрофитни организации кои се изложени на поголем ризик од злоупотреба на ФТ и да се обезбеди дека се применуваат пропорционални мерки.

- **УФР треба да преземе мерки за да се обезбеди соодветно известување од сите сектори**, особено во однос на секторите кои не доставиле или доставиле во најмал обем Извештаи за сомнителни трансакции, особено казината и менувачниците. Овие мерки треба да вклучуваат активности за да се уверат субјектите во апсолутната доверливост на известувачот на извештајот за сомнителни трансакции.
- Северна Македонија треба: (I) да ги спроведе неопходните промени за да осигура дека **наметнатите санкции (глоби) се пропорционални, ефективни и одвраќачки**, како и навремено изречени; (II) да ги преиспита задолжителните барања кои ја ограничуваат дискрецијата на властите да ја прилагодат санкцијата на околностите на случајот (примена на постапка за порамнување) и (III) да му ги обезбедат потребните човечки и технички ресурси на секој орган задолжен за надзор и санкционирање .
- Да се **финализира специфичната проценка на ризик во однос на правните лица** основани или на друг начин активни во земјата и да се преземат соодветни мерки за справување со идентификуваните ризици, земајќи ги предвид аспектите како што се фиктивните лица, бришењето компании и евентуалноста на нерегулиран сектор-даватели на услуги на компании и трустови
- Да се вклучат механизмите за: (I) проверка на сите информации дадени во фазата на регистрација на правното лице; (II) навремено откривање и регистрација на промените на основните информации и информациите за вистинските сопственици и (III) надзор над точноста и навремено ажурирање на регистрираните информации.
- Да се развијат **јасни цели на политиката на МП, обвинителствата, органите за спроведување на законот и судството за да обезбедат систематско и проактивно барање и обезбедување странска помош** во согласност со приоритетите на истрагата, како и со идентификуваните ризици. За меѓународната правна помош, Северна Македонија треба да воспостави јасна процедура и да воведе интегриран систем за регистрација и управување со случаи.

Во насока на адресирање на констатираните недостатоци, Владата на Република Северна Македонија на 27.08.2024 година го усвои Акцискиот План за спроведување на препораките од 5-от круг на евалуација на системот за борба против ПП и ФТ од страна на Moneyval Комитетот при Совет на Европа. Активностите утврдени во наведениот Акциски План се инкорпорирани во Националната стратегија и соодветниот Акциски план за нејзина имплементација.

Република Северна Македонија и покрај констатираните недостатоци има достигнато добро ниво на усогласеност со препораките на ФАТФ, што е видливо од следниот графикон:




### 2.1.4. Резултати од Национална проценка на ризик

Анализата на состојбата се темели на заклучоците презентирани во Извештајот за НРА од 2025 година во кој се идентификуваат ризиците од ПП, ФТ и за прв пат и заканите од финансирање на ОМУ[38]. Користејќи ја методологијата на Светска банка за утврдување на ризиците од ПП и ФТ анализиран е голем опсег на податоци во периодот 2019-2023 година и

---

*Врз основа на утврдените анализи утврдена е*
*средно ниво на ризик на перење пари во Република Северна Македонија*

---

наведеното е констатирано.

#### 2.1.4.1. Закани од перење пари

Спроведената анализата на податоци укажува на фактот дека Република Северна Македонија не е регионален финансиски центар во кој се пласираат криминално стекнатите средства, туку дека нејзиниот финансиски систем претежно се користи како транзит. Поради нејзината географска локација двата клучни криминални пазари кои во основа се и најпрофитабилни криминални бизниси (недозволената трговија со дрога и криумчарењето на мигранти) имаат големо влијание на криминалното опкружување, предизвикувајќи закана не само за перење на пари, туку и сериозни последици за безбедноста, економијата и општеството во целина. Организираните криминални групи (ОКД) го користат големиот илегален профит да се инфилтрираат во легалната економија и во јавните институции, поткопувајќи ја довербата на луѓето во државните органи. Корупцијата и перењето пати се најголеми двигатели на криминалните активности, но и начини на вклучување на нивниот профит во легалните финансиски текови.

Од друга страна, значителното учество на неформалната екомија во Република Северна Македонија, како и сеуште значително големиот удел на употреба на готовина во економските активности не само што го зголемуваат ризикот на закани од перење пари, туку и доведува до еродирање на даночната основа, нарушување на интегритетот на даночниот и финансиски систем и пазарната конкуренција. Неформалниот сектор создава нелојална конкуренција од нерегистрираните претпријатија и работната сила во сенка придонесувајќи непријавениот приход сериозно да ја загрозува наплата на јавните

---

[38] Посебен осврт е даден на ранливоста од неформалната економија, игрите на среќа и градежниот сектор

приходи. Непреземањето на соодветни мерки за нивно адресирање ќе има влијание врз целокупната состојба во економијата преку губење на странски директни инвестиции, зголемување на ранливите категории и сиромаштвото на населението.

**Врз основа на извршените анализи, утврдено е средно ниво на закани за перење пари во Република Северна Македонија.**

*Предикативни кривични дела со висока закана за перење пари* се:

-**Кривични дела поврзани со недозволена трговија со дрога**, при што се проценува дека 50% од ОКГ се инволвирани во криминалниот пазар со дрога.[39]
-**Кривично дело "Даночно затајување"** е често поврзано со други форми на криминал (злоупотреба на службена положба и овластување, фалсификување документи, измами), кои покрај што ги намалуваат приходите на државата кои можат да се користат за унапредување на јавните услуги, ја намалуваат и довербата на граѓаните во правниот и даночниот систем.[40]
-**Коруптивни кривични дела**[41], чие извршување преставува сериозен проблем не само за граѓаните, туку и за државната безбедност. Повеќе индикатори, како извештаи на различни меѓународни институции, јавното мислење, како и случаевите на високо ниво за кои е поднесено обвинение, посочуваат дека злоупотребата на службената положба е една од главните закани за ПП во државата. Сторителите на овие кривични дела злоупотребувајќи ја својата службена положба и овластување за лична корист или за друг ги оштетуваат буџетските средства, при тоа нарушувајќи го интегритетот на институциите и довербата на јавноста во нив.[42]
-**Трговија со луѓе и криумчарење мигранти**, кои се сметаат за втор криминален пазар после трговијата со дрога по број на инволвирани криминални групи. Овие дејности се високо профитабилни за криминалците што ги прави атрактивни и тешки за искористување[43].Најчесто земји на потекло на жртвите на трговија со луѓе се државите од Источна Европа (Украина, Русија, Молдавија, Србија, Бугарија, Романија, Албанија) но и од Македонија.

*Секторска анализа:*

**Банкарски сектор**, кој со оглед на сложеноста и важноста во целокупниот финансиски систем, како и големиот број на различни услуги кои ги нудат деловните банки е еден од најизложените сектори на закана за ПП. Фактот што целокупното деловно работење на правните лица се врши преку нивните платежни сметки отворени во различни деловни банки, како и забраната за вршење на плаќање во

[39] Во периодот од 2019 до 2023 година поднесени се 2870 кривични пријави поврзани со трговија со дрога
[40] Во периодот од 2019 до 2023 година поднесени се 342 кривични пријави за даночно затајување со кои државата била оштетена за 40 милиони евра
[41] Кривични дела: злоупотреба на службена положба и овластување, несовесно работење во службата, примање награда за противзаконско влијание/противзаконско поседување
[42] Во периодот од 2019 до 2023 година поднесени се 950 кривични пријави, додека процената е штета во висина од 25 милиони евра
[43] Во периодот 2019-2023 година за кривично дело трговија со дете и криумчарење на мигранти поднесени се 141 кривични пријави

готово согласно член 58 став 1 од ЗСППФТ ги изложува на ризик од вложување на нелегално стекнатите пари и нивно прикривање. На овој начин банкарскиот сектор и широкиот спектар на финансиски услуги кои ги нудат деловните банки ги прават привлечни да се користат во трите фази од ПП.

Банкарските средства се користат за уплата на средства кои потекнуваат од вршењето на кривично дело, кои потоа се користат за вложување во правни лица преку зголемување на основачкиот влог, давање позајмици, реализирање трансакции врз основа на фиктивни фактури, договори и сл, приливи од странство, подигнување на парични средства во готово во големи износи.

**Брз трансфер на пари (парични дознаки)** е идентификуван како најкористен начин при перење на приноси од вршење на кривичните дела поврзани со трговија со дрога и криумчарење на мигранти. Брзиот трансфер на пари нуди брзина и ефикасност, така да овие услуги се достапни на глобално ниво, што би можело да им овозможи на криминалците да префрлат пари меѓу различни земји за многу кратко време.

**Вложување во недвижен имот** е идентификуван како најчесто користен сектор кога станува збор за последната фаза од перењето пари-интеграција, односно најголем дел од паричните средства кои се стекнати со вршење на кривично дело подоцна се искористени за купување на недвижен имот (земјиште, станови, деловен простор и сл). Инвестирањето во недвижниот имот често пати го усложнува следењето на вистинскиот извор на средствата, во некои случаи, недвижниот имот може да се купува и продава по цени кои се значително пониски од пазарната вредност. Сива зона за институциите на системот и понатаму останува вложувањето на финансиски средства во изградба на објекти без потребни законски одобренија и дозволи (дивоградби).

Услугите што ги обезбедуваат **нотарите, адвокатите и сметководителите** можат да бидат злоупотребени за ПП во фазите на пласман и прикривање.

Анализите покажуваат дека криминалците ги користат криминално стекнатите средства за купување на луксузни возила при што плаќањето се врши во готово, за купување на акции од правни лица кои носат дивиденда, вложувања во полиси за животно осигурување за себе или за членовите на потесното семејство.

**Приоритетни области кои бараат брза и ефикасна реакција, а кои имаат влијание врз ранливоста на националниот систем за борба против ПП:**

- Интегритет и независност на судиите
- Капацитети за заплена и конфискација на имот
- Капацитетите на истражителите и обвинителите за водење на финансиска истрага
- Казнена политика
- Неформалната економија

### 2.1.4.2. Ранливост на националниот систем за спречување на перење пари

Според утврдените анализи во НРА, констатирана е **средно ниво на ранливост на системот за спречување на перење пари.** Според мислењето на тимот на експерти на MONEYAL, капацитетите на надлежните институции за идентификација, одземање и конфискација на приносите од криминал (во земјата и во странство) претставува една од најголемите пречки.

Нивото на неформалната економија е значаен фактор кој го прави системот ранлив на ПП. Наспроти просекот во ЕУ од 19,71% од БДМ, во Северна Македонија нејзиното ниво е помеѓу 20-40% од БДП што ја прави сериозен предизвик не само за креаторите на економските политики во земјата, туку и за дизајнирање на превентивни мерки за намалување на ризикот од ПП. Иако институционалните реформи[44] преземени во изминатиот период се добар предуслов за намалување на неформалната економија, сепак предизвикот сеуште е актуелен.

Клучни фактори/детерминанти кои влијаат врз проценетото високо ниво на неформална економија во нашата земја се: ниво на економскиот развој, ниско-продуктивни работни места и помал апсорбирачки капацитет на индустрискиот сектор, висок процент на долгорочно невработени лица, зголемена употреба на готовина во деловните трансакции, ниско ниво на даночен морал и даночна дисциплина и високо ниво на толеранција на неформалноста.

Според последното истражување на работната сила од страна на Меѓународната организација на трудот (ILO) се проценува дека 13,8 од вкупната вработеност во земјата кореспондира со неформалната економија при што земјоделството и градежништвото се сектори кои се најмногу изложени на тоа.[45]

Ризик од финансирање на тероризам

Изворот на закана од тероризам во Република Северна Македонија потекнува од верскиот радикализам, насилниот екстремизам и хибридните закани. Како најсериозна закана, сепак се издвојуваат осудените лица за тероризам, странските терористички борци и нивните семејства (жени и деца). Радикализацијата на малолетни лица претставува безбедносен ризик за националната безбедност на Република Северна Македонија, посебно имајќи ги предвид можните ризици од неуспех во процесот на нивна дерадикализација. Припадниците на радикалните групации и осуденици своите активности ги преземаат и во рамки на казнено-поправните установи, што неретко резултира со конвертирање на други осуденици и нивно прифаќање на радикалната идеологија. Дополнително, дејствувањето на групите кои делуваат од позиции на насилен екстремизам е условено од општествено-политичките настани кои создаваат простор за активности на радикалните структури, како во земјата така и во регионот.

Како еден од главните извори на финансиски средства на лицата инволвирани во тероризам е готовината која се обезбедува на различни начини, а како извори се утврдени и личните приходи на лицата како и приливи на средства од лица од западно европските држави за кои не може да се утврди фамилијарна и бизнис поврзаност, или лица нивни истомисленици. Овие средства понатаму најчесто транзитираат преку финансискиот систем на РС Република Северна Македонија М кон лица од држави во Блискиот Исток и Африка кои имаат висок индекс за тероризам, а како официјални канали на трансфер најчесто се користи системот на давателите на услуги на парични дознаки- брз трансфер на

[44] Донесени стратешки документи, воспоставена институционална структура, донесени закони и прописи за формализирање на економските активности, инспекциски контроли од УЈП, ДИТ и ДПИ
[45] Извештај на Манивал за Република Северна Македонија за 2024 година, стр.7

пари, но во помала мера исто така се користи и банкарскиот систем за пренос на средства по различни основи.

Покрај постојаните напори за зајакнување на овој систем, недоволните капацитети (технички и кадровски) на институциите за следење на виртуелните валути, готовината, како и корупцијата го прават истиот ранлив. Поради наведените околности и утврдено е следното

*Ризикот од финансирање од тероризам во Северна Македонија е на средно ниво*

**Ризик од финансирање на ширење на оружје за масовно уништување**

Република Северна Македонија води конзистентна политика во однос на ставовите дека пролиферацијата на ОМУ претставува една од најголемите закани за светскиот мир и безбедноста, што бара сеопфатен одговор, како на национално ниво така и во соработка со меѓународната заедница. За таа цел ги интегрира принципите и целите за непролиферација и финансирање на пролиферација на ОМУ во сопствените политички, дипломатски и економски активности.

Нашата држава ги има ратификувано меѓународни документи кои се релевантни за финансирање на ширење на ОМУ и на национално ниво има донесено закони кои се во насока на заштита и превенција од финансирање на пролиферација на ОМУ. Постои ниско ново на изложеност на нашата држава кон Иран и др.држави кои од страна на Советот за безбедност на ОН се утврдени како држави кои неовластено развиваат програми за производство на ОМУ.

Поради наведените околности и утврдено е следното

*Ризикот од финансирање на ширење на оружје за масовно уништување во Северна Македонија се проценува на ниско ниво*

## 2.2. Анализа на опкружувањето ( СВОТ и ПАСТЛЕ анализа)

Покрај сеопфатната анализа презентирана во Извештајот за НРА, направена е СВОТ и ПАСТЛЕ анализа кои се дадени во следните табели:

Табела за СВОТ анализа:

| СВОТ анализа | |
|---|---|
| Силни страни | Слаби страни |
| - Обезбедена инклузивност на сите релевантни државни институции и приватни субјекти<br><br>- Воспоставен систем на координација на национално ниво<br><br>- Зголемена свесност на институциите за ризиците од ПП и ФТ<br><br>- Воспоставен ефикасен надзор над субјектите кои имаат обврска да преземаат мерки и дејствија за откривање и спречување на ПП и ФТ<br><br>- Законска регулатива со висок степен на усогласеност со стандардите на ФАТФ и ЕУ | - Недоволна екипираност на институциите со квалификуван и мотивиран кадар<br><br>- Ограничени финансиски и материјално-технички ресурси за остварување на утврдените цели<br><br>- Присуство на корупција и неформална економија<br><br>- Нецелосно реализирани активности кои се од стратешко значење, а кои се провлекуваат повеќе години<br><br>- Недоволна одговорност на институциите за неспроведување на утврдените цели |
| Закани | Можности |
| Промена на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија предизвикани од непредвидени настани (природни катастрофи, вонредна состојба и сл)<br><br>Геополитички промени и можност од воени конфликти<br><br>Економски последици од случувањата на глобално ниво | Ефикасна борба против криминалот и одземање на незаконски стекнатиот имот<br><br>Придонес кон зацврстување на владеење на правото<br><br>Заштита на финансискиот систем на државата<br><br>Придонес кон исполнување на целите од евроинтегративниот процес<br><br>Зголемена доверба од граѓаните во ефикасноста на институциите |

Табела на ПАСТЛЕ анализа:

| Политички фактори | Економски Фактори | Социјални фактори | Технолошки Фактори | Правни фактори | Еколошки Фактори |
|---|---|---|---|---|---|
| Стабилна политичка клима<br><br>Стратешки приоритети на Владата<br><br>Обврски кои произлегуваат од евроинтегративниот процес | Расположливи финансиски средства од буџетите на институциите<br><br>Финансиски средства од меѓународни организации за реализација на проекти<br><br>Глобални кризи | Информирање на јавноста<br><br>Вклученост на приватниот сектор | Дигитализација на институциите, вклучително и обука на вработените<br><br>Достапност на современа технолошка опрема | Постоечка правна рамка (законски и подзаконски акти)<br><br>Усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ<br><br>Меѓународни извештаи и препораки | Климатски промени и околности предизвикани од природни и човечки фактори |

## 3. СТРАТЕШКА РАМКА

### 3.1. Визија за развој на областите:

Систем за спречување, откривање и санкционирање на перење пари, финансирање на тероризам и финансирање на ширење на ОМУ, усогласен со Препораките на ФАТФ и релевантните ЕУ регулативи, кој ефикасно го штити интегритетот на финансискиот и нефинансискиот сектор и економијата од заканите од перење пари, финансирање на тероризмот и ширење на ОМУ *придонесува за зацврстување на националната сигурност и безбедност*

Наведената визија се надоврзува на визијата дадена во Националната Стратегија 2021-2024, со што ги признава резултатите постигнати во претходниот стратешки период и обезбедува континуиран развој на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во нашата држава.

Визијата е во согласност со законската рамка на Република Северна Македонија, програмските определби на Владата и останатите стратешки документи кои се во функција на исполнување на стандардите за полноправно членство во Европската Унија.

**3.2. За остварување на наведената визија утврдени се следните општи и посебни цели:**

| Приоритетна област 1: Национална политика за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и финансирање на ширење на ОМУ и координација |
|---|

**ОПШТА ЦЕЛ 1: Владата ги формулира политиките и надлежните институции преземаат координирани мерки адекватно на ризиците за перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на ОМУ**

**Посебна цел 1.1 : Ризиците од ПП/ ФТ/ ФП се разбрани и се преземаат координирани мерки од надлежните институции**

**Посебна цел 1.2: Подобрена координација на националната политика за спречување на ПП , ФТ и ФП**

**Посебна цел 1. 3: Унапредување на јавно-приватното партнерство во спречувањето на ПП , ФТ и ФП**

**Посебна цел 1.4: Унапредување на системот за собирање и обработка на статистички податоци на национално ниво**

| Приоритетна област 2: Правен систем и оперативни прашања |
|---|

**ОПШТА ЦЕЛ 2: Правната рамка и капацитетите на институциите обезбедуваат ефикасно откривање, гонење и санкционирање на сторителите на кривичното дело перење пари и конфискување на нелегално стекнатиот имот и имотна корист**

Посебна цел 2.1: Истражните органи и Јавното обвинителство развиваат и користат разузнавачки податоци, вклучително и оние обезбедени со извештаите и известувањата кои ги добиваат од Управата за финансиско разузнавање, за целите на обезбедување докази и откривање и гонење на сторителите на кривични дела перење пари

Посебна цел 2.2: Кривичното дело Перење пари и други приноси од казниво дело е целосно усогласено со меѓународните стандарди и обезбедена е ефикасна казнена политика за негово гонење и санкционирање

Посебна цел 2.3: Зголемена ефикасност во откривањето и гонењето на сторителите на кривично дело перење пари

Посебна цел 2.4: Зајакнување на капацитетите на институциите надлежни за привремено обезбедување и конфискација на имот и управување со одземениот и конфискуваниот имот

| Приоритетна област 3: Спречување на финансирање на тероризам |
|---|

ОПШТА ЦЕЛ 3: Ефикасно откривање и санкционирање на финансирање на тероризам

Посебна цел 3.1: Кривичното дело Финансирање на тероризам е усогласено со меѓународните стандарди и обезбедена е негова ефикасна имплементација

Посебна цел 3.2: Институциите надлежни за спречување, откривање и санкционирање на финансирање на тероризам располагаат со доволно човечки и материјално-технички капацитети

Посебна цел 3.3: Зајакнати механизми за превенција од злоупотреба на непрофитните организации (НПО) за целите на финансирање на тероризам, без при тоа да се загрози легитимната активност на НПО

Посебна цел 3.4: Спречување на користење на средства на лицата определени со резолуциите на ООН

| Приоритетна област 4: Спречување на финансирање на ширење на оружје за масовно уништување |
|---|

ОПШТА ЦЕЛ 4: Разбирање на ризиците поврзани со ФП и ефикасна имплементација на мерките за попречување на ФП

Посебна цел 4.1: Усогласување на националното законодавство со меѓународни стандарди

Посебна цел 4.2: Разбирање на ризиците од ФП и и заобиколување на мерките за ПФ

Посебна цел 4.3: Зголемена координација меѓу надлежните органи за ПФ

Посебна цел 4.4: Обезбедување конзистентен пристап на супервизорите во однос на примената на санкциите за финансирање на ОМУ во сите сектори

Посебна цел 4.5: Подигнување на свесноста и разбирањето помеѓу субјектите во однос на таргетирани финансиски санкции поврзани со финансирање на ширење на ОМУ

Приоритетна област 5: Превентивни мерки

**ОПШТА ЦЕЛ 5:** Субјектите кои имаат обврска да преземаат мерки и дејствија за спречување на ПП и ФТ ги применуваат превентивните мерки сразмерно на ризиците на кои се изложени и доставуваат до УФР навремени и квалитетни извештаи за сомнителни трансакции;

**Посебна цел 5.1:** Субјектите го разбираат ризикот од ПП/ ФТ/ ФП;

**Посебна цел 5.2:** Зголемување на ефикасноста на субјектите да ги преземаат превентивните мерки согласно утврдениот ризик;

**Посебна цел 5.3:** Подобрување на квантитетот и квалитетот на извештаите за сомнителни трансакции кои субјектите ги доставуваат до УФР.

Приоритетна област 6: Надзор

**ОПШТА ЦЕЛ 6:** Надзорните органи го спроведуваат надзорот, ја следат и обезбедуваат усогласеност на работата на субјектите со нивните обврски во спречување на ПП и ФТ, во согласност со пристапот базиран на ризик од ПП и ФТ на кои што тие сектори се изложени;

**Посебна цел 6.1:** Унапредување на соработката и координацијата меѓу надзорните органи;

**Посебна цел 6.2 :** Понатамошно зајакнување на капацитетите и ресурсите на надзорните органи со цел подобрување на примената на пристапот базиран на проценка на ризикот од ПП и ФТ;

**Посебна цел 6.3:** Подобрување на системот на санкции и обезбедување дека изречените казни се пропорционални, ефективни и одвраќачки

Приоритетна област 7: Правни лица и аранжмани

ОПШТА ЦЕЛ 7: Спречување на злоупотреба од пп/ фт/ фп на правните лица и правните аранжмани

Посебна цел 7.1: Зголемување на степенот на адекватни, точни и ажурирани податоци во регистарот на вистински сопственици

Посебна цел 7.2. Воспоставување на единствен регистар на сметки

Приоритетна област 8: Меѓународна соработка

**ОПШТА ЦЕЛ 8:** Ефикасна меѓународна соработка која овозможува навремено и ефикасно обезбедување на податоци, информации и докази за сторителите на кривични дела на перење пари и финансирање на тероризам како и за незаконски стекнатиот имот во странство

**Посебна цел 8.1**: Воспоставување на интегриран систем за управување со предмети поврзани со МПП;

**Посебна цел 8.2**: Подобрување на меѓународната соработка во однос на замрзнување и конфискација на нелегално стекнатиот имот во странство

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1: НАЦИОНАЛНА ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ, ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ, ФИНАНСИРАЊЕ НА ОРУЖЈЕ ЗА МАСОВНО УНИШТУВАЊЕ

**ОПШТА ЦЕЛ 1**: Владата ги формулира политиките и надлежните институции преземаат координирани мерки адекватно на ризиците за перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на ОМУ

ПОКАЗАТЕЛ НА ЕФЕКТ:

Ефективно реализирани активности и мерки за идентификување и ефикасно управување на ризиците за перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на ОМУ

**Општата цел ќе се реализира преку следните посебни цели:**

**Посебна цел 1.1**: Ризиците од ПП/ ФТ/ ФП се разбрани и се преземаат координирани мерки од надлежните институции

Анализирајќи ја ефективноста на националната политика за спречување ПП и ФТ, тимот на евалуатори на Манивал ја оценуваат со ***значително ниво на ефикасност***, при тоа констатирајќи дека Република Северна Македонија направи значителен напредок во спроведувањето на националната проценка на ризик и нејзиното споделување со надлежните органи и приватниот сектор. Заради идентификување на ризиците од ПП, ФТ и другите поврзани ризици, донесени се следните проценки на ризици: Извештајот за НРА - 2024[46]; Проценка на ризик од финансирање на тероризам од непрофитните организации (НПО) (2021); Проценка за ризик од ПП и ФТ со користење на виртуелни средства и даватели на услуги поврзани со виртуелни средства (2022); Проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам во врска со правни лица коишто можат да се основаат во Република Северна Македонија, нерезидентни правни лица кои имаат поврзаност со државата и трустови и слични правни аранжмани (2024); Националната проценка на закани од сериозен и организиран криминал (SOCTA 2021). Националната проценка на ризик е дополнета со повеќе стратешки и секторски анализи

[46] Процесот на изготвување на НРА беше координиран од страна на Советот за борба против ПП и ФТ, а во нејзино изготвување покрај претставниците на институциите вклучени во СППФР, беше вклучен и приватниот сектор. Работата на сите учесници беше организирана во 10 работни групи, извештајот е усвоен од Владата на Република Северна Македонија, март 2025

подготвени од УФР[47]. Секторски проценки на ризик се изготвени и од НБРСМ и УЈП. Наведените проценки и анализи се изготвени со активно вклучување на приватниот сектор.

Со оглед на изменетите околности предизвикани од влијанието на геополитичките случувања, прегрупирањата на криминалниот пазар, новите технологии согледана е потребата од изготвување нови/ ажурирање на постоечките проценки на ризици од ПП и ФТ.

**Клучни правци на дејствување:**

**I.Изготвување на дополнителни анализи и проценки на ризикот од ПП, ФТ и ФП:**

- Проценка за ризик од ПП и ФТ со користење на виртуелни средства и даватели на услуги поврзани со виртуелни средства;
- Проценка на ризиците од ПП и ФТ во игрите на среќа;
- Проценка на ризиците од ПП предизвикани од влијанието на неформалната економија;
- Изготвување на SOCTA;
- Изготвување на НРА за ПП, ФТ и ФП;
- Анализа на влијанието на капацитетите и интегритетот на судството и обвинителството врз ефективноста на спречувањето на ПП и ФТ;

**II.Воспоставување на механизам за редовно ажурирање на проценките за ризик и проценка на ризикот поради специфични околности кои го променуваат ризикот:**

- Редовно подготвување на годишни стратешки анализи (УФР), како и годишна секторска проценка на ризикот од ПП, ФТ и ФП (надзорни органи);
- Годишна анализа на потребата за спроведување на проценка на ризикот поради променети специфични околности и (извештај за стратешка) анализа на ризикот.

**III.Споделување на информации и подигнување на свеста за утврдените ризици на сите учесници во системот за спречување на ПП, ФТ и ФП:**

- Презентирање на резултатите од НРА, нејзините ажурирања и дополнителните проценки и анализи на учесниците во националниот систем за спречување на ПП и ФТ (надлежните институции);
- Сите институции добиваат пристап до Извештајот на НРА и направените ажурирања;
- Организирање работилници со цел запознавање со активностите кои можат да се злоупотребат за ПП и ФТ и ФП

[47] Годишна стратешка анализа за податоците доставени од субјектите за 2020, 2021, 2022 и 2023 година; Стратешка анализа за финансирање на пролиферација (2022г), Стратешка анализа за надворешни закани (2022 г), Стратешка анализа за ризиците на кои се изложени правните лица (2022 г), Стратешка анализа за трансфери од/ кон Пакистан (2022 г), Стратешка анализа за потребите за воведување на финансиските рестриктивни мерки против лица кои претставуваат безбедносна закана за Република Северна Македонија (2022 г)

**ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: број на спроведени работилици за зголемување на свеста за утврдените ризици**

Посебна цел 1.2: Подобрена координација на националната политика за спречување на ПП , ФТ и ФП

Советот за борба против ПП и ФТ има водечка улога во координацијата на националната политика за спречување на ПП и ФТ[48]. Советот е надлежен за унапредување на меѓу институционалната соработка, координација на процесот на изготвување на Националната стратегија, како и следење на нејзината реализација и исполнетоста на Акцискиот План. Со оглед дека одделни сегменти од националниот систем за спречување на ПП и ФТ се уредени и координирани со други секторски политики, значајна е улогата и на следните координативни тела:

- **Национален Комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам**, во чија надлежност е следење на Националната стратегија за борба против тероризам и Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам,
- **Совет за следење на спроведување на Развојната стратегија за правосудниот сектор**, кој врши мониторинг на имплементација на активностите утврдени во развојната стратегија;
- **Совет за финансиски истраги и конфискација на имот**, надлежен за координирање, мониторинг и евалуација на активностите утврдени во Националната стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот;
- **Национален совет за формализирање на неформална економија**, надлежен за мониторинг на Стратегијата за формализација на неформалната економија;
- **Координативно тело за координација и следење на спроведување на рестриктивните мерки**, кое го сочинуваат претставници од МНР, ЈО, МВР, МО, АР, ЦУ, Агенција за управување со одземен имот и УФР.
- **Национално координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали** кое ги координира надлежните органи инволвирани во оваа област, ги следи и координира процесите што произлегуваат од оваа област, ги следи меѓународните политики и дава експертска помош во спроведување на националните политики.

**Клучни правци на дејствување:**

[48] Надлежноста на Советот е утврдена со ЗСППФТ, а неговата организација и начинот на работа подетално се уредени со Деловник на работа на Советот.

**Воспоставување на редовна соработка со координативните тела надлежни за мониторинг на одделни секторски политики кои имаат влијание на националниот систем за спречување на ПП, ФТ и ФП преку:**

- презентирање на Извештајот на НРА 2025, анализи од други проценки, како и активностите од оваа Стратегија пред Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница[49], Националниот Комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам; Советот за следење на спроведување на Развојната стратегија за правосудство, Национален Совет за финансиски истраги и конфискација на имот, Координативно тело за координација и следење на рестриктивните мерки,
- одржување редовни годишни состаноци за размена на информаии за реализација на заедничките приоитети и утврдените ризици кои можат да го загрозат нивното исполнување;
- дефинирање на начини за меѓусебно известување и консултирање за реализација на заедничките приоритети и утврдените ризици кои можат да го загрозат нивното исполнување

ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: **зголемен број на одржани состаноци со другите координативни тела надлежни за мониторинг на одделни секторски политики кои имаат влијание на националниот систем за спречување на ПП , ФТ и ФП**

**Посебна цел 1. 3:** Унапредување на јавно-приватното партнерство во спречувањето на ПП , ФТ и ФП

Развивањето на соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор е од суштествена важност за подигнување на свеста за ризиците од ПП, ФТ и ФП со што се создава широк фронт на субјекти кои ќе ја зголемат ефикасноста и способноста за справување со ПП ,ФТ и ФП.

[49] Со Советот раководи претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а во него членуваат заменик претседател на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, министер за внатрешни работи, министер за одбрана, министер за надворешни работи, директор на Агенција за национална безбедност, директор на Агенција за разузнавање и раководителот на надлежната организациона единица за воена безбедност и разузнавање во МО

Советот за борба против ПП и ФТ е посветен на развивање на конструктивен дијалог со приватниот сектор, граѓанското општество, кои се важни партнери во обезбедување на финансискиот систем, а со тоа и во имплементацијата на националната политика за спречување ПП ,ФТ и ФП.

**Клучни правци на дејствување :**

- Одржување на полугодишни состаноци со претставниците на приватниот сектор (Стопански комори, здруженија и асоцијации на одделни дејности на приватниот сектор) со цел споделување на информации за ризиците од ПП, ФТ и ФП, како и др. информации за СПП/ ФТ/ ФП, презентирање на наодите од НРА 2025, како и од дополнителни анализи и проценки;
- Вклучување на приватниот сектор при изготвување на НРА и дополнителните проценки и анализи;
- Вклучување на академската јавност во изготвување на истражувања за адресирање на ризиците од ПП, ФТ и ФП
- Подигнување на свесноста и едуцирање на јавноста за ризиците од ПП, ФТ и ФП преку одржување на јавни настани, трибини, доставување соопштенија

| |
|---|
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: број на проценки и анализи за ризици од ПП, ФТ и ФП изготвени во соработка со приватниот сектор |

Посебна цел 1.4: Унапредување на системот за собирање и обработка на статистички податоци на национално ниво

**Предизвици и мерки за нивно надминување**

Недостатокот на сеопфатен и веродостоен систем за собирање, обработка на податоци го попречува испитувањето на ефикасноста на политиките во оваа област, така што тешко може да се утврди дали мерките ги оствариле нивните цели и очекуваните исходи.

**1.4.1 Унапредување на системот за собирање и обработка на статистички податоци на национално ниво за следење на кривичните предмети од делокруг на организираниот криминал, корупцијата, перење пари вклучително и податоци за финансиски истраги и конфискација на имот**

Имплементацијата на ИПА 2021 Проектот "Воспоставување на електронски систем за водење на евиденција во институциите за спроведување на законот (LERMS)" ќе придонесе кон надминување на оваа забелешка која се провлекува низ изминатите години.

1.4.2 Унапредување на системот за собирање и следење на напредокот на имплементацијата на стратегијата

Недостатокот на систем за собирање на податоци за степенот на имплементација на мерките предвидени со акциските планови со повеќе стратешки документи, го попречува следењето на ефикасноста на политиките во оваа област, така што тешко може да се утврди дали мерките ги оствариле нивните цели и очекуваните исходи.

Клучни правци на дејствување:

**1.4.1.Унапредување на системот за собирање и обработка на статистички податоци на национално ниво за следење на кривичните предмети од делокруг на организираниот криминал, корупцијата, перење пари вклучително и податоци за финансиски истраги и конфискација на имот**

Преку имплементација на ИПА 2021 Проектот LERMS

1.4.2 Унапредување на системот за собирање и следење на напредокот на имплементацијата на стратегијата

- Донесување Методологија за начинот на собирање, следење на податоците и утврдување на степенот на имплементирање на активностите од оваа Стратегија;
- Назначување на контакт лица од институциите за доставување на податоци и нивна обука за горенаведената методологија;
- Назначување на координатори за секоја приоритетна област;
- Изработка на софтверска апликација која ќе го поддржи процесот на собирање на податоци

| |
|---|
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Број на извештаи генерирани во рамките на LERMS<br>Број на извештаи за степенот на имплементирање на активностите од оваа Стратегија |

ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2: ПРАВЕН СИСТЕМ И ОПЕРАТИВНИ ПРАШАЊА

ОПШТА ЦЕЛ 2: Правната рамка и капацитетите на институциите обезбедуваат ефикасно откривање, гонење и санкционирање на сторителите на кривичното дело перење пари и конфискување на нелегално стекнатиот имот и имотна корист

ПОКАЗАТЕЛ НА ЕФЕКТ: Број на правосилни пресуди за сторителите на кривичното дело Перење пари и други приноси од казниво дело (со спроведена конфискација на незаконски стекнатиот имот и имотна корист

Општата цел ќе се реализира преку следните посебни цели:

**Посебна цел 2.1:** Истражните органи и Јавното обвинителство развиваат и користат разузнавачки податоци, вклучително и оние обезбедени со извештаите и известувањата кои ги добиваат од Управата за финансиско разузнавање, за целите на обезбедување докази и откривање и гонење на сторителите на кривични дела перење пари

2.1.1. Имплементација на пристапот „следи ги парите" како најефикасен начин за пронаоѓање на незаконски стекнатиот имот ја наметнува потребата од водење на финансиски истраги паралелно со истрагата за кривично дело. За таа цел, **формирани се единици за водење на финансиски истраги** во МВР, ЦУ и УФП кои се должни самостојно и во координација и добиени насоки од јавен обвинител да преземаат мерки за обезбедување докази за незаконски стекнатиот имот и имотната корист со вршењето на кривичното дело кое што е предмет на истрага, како и за имотот од незаконско потекло за целите на проширена конфискација. Донесени се СОП-ови за водење финансиски истраги со кои се унифицира начинот на водење на финансиски истраги во овие институции.

2.1.2. **Управата за финансиско разузнавање** е самостојна и оперативно независна во вршењето на надлежностите пропишани со ЗСППФТ, што е констатирано и во Извештајот на MONEYVAL. Законските надлежности и даваат овластување на УФР да прибира и анализира извештаи за сомнителни трансакции и други информации од значење на спречување и откривање на ПП и ФТ и да ги доставува резултатите од анализата и други релевантни информации до надлежните органи кога постојат основи за сомневање за ПП и ФТ. УФР е членка на Егмонт групата од 2004 година и редовно разменува податоци и информации со сите ЕФР членки, применувајќи ги правилата и најдобрите пракси за размена на податоци, притоа заштитувајќи ја доверливоста на добиените информации. УФР разменува податоци и информации со ЕФР на другите држави, по доставени/добиени барања или спонтани информации со сомневање за перење пари или финансирање на тероризам.

Предизвици и мерки за нивно надминување

**2.1.1. Финансиските истраги не се спроведуваат систематски и паралелно со криминалистичките истраги**

Комитетот на MONEYVAL забележува дека финансиските истраги не се спроведуваат систематски и многу ретко се бара да се лоцира имотот, вклучително и оној кој е пренесен во странство. Анализите предочуваат неколку предизвици со кои се соочуваат надлежните институции надлежни за водење на финансиски истраги ( ЈО, МВР, ЦУ, УФП): **управување со човечки ресурси** (потреба од инвестирање во стручниот кадар што води финансиски истраги /непостоење на стратешки пристап во избор, усовршување и задржување на стручните кадри), **интегриран и интердисциплинарен систем на обука** (обезбедување основна и континуирана обука за водење на финансиски истраги на вработените во специјализираните единици за водење на финансиски истраги (МВР, ЦУ и УФП) и истражните центри), **материјално-техничко опремување** (вложување во модернизација на инфраструктурата и опремата, како и обезбедување на просторни капацитети) и **интероперабилност**, односно пристапот до базите на другите институции.

Воедно, констатирана е **потребата и од подобрување на правната рамка**, пред се во измени на Законот за кривична постапка со кој ќе се дефинираат целите на финансиската истрага, кога тие се спроведуваат, како и раководната улога на јавниот обвинител при спроведување на финансиската истрага. Наведените законски измени ќе бидат проследени и со измени на СОП-ови за водење на финансиски истраги кои треба да обезбедат дека при водење на истрага за предикативно дело задолжително се истражува и нелегално стекнатиот имот. Зајакнувањето на капацитетите за институциите за водење финансиски истраги се предмет на уредување и **Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот** (2025-2028) со соодветниот АП, во која се проектирани конкретни мерки кои ќе придонесат финансиските истраги да се водат на систематски начин[50].

**2.1.2.1.Недостаток на повратни информации од надлежните органи до УФР по доставените извештаи или известувања**, што ја оневозможува УФР да го добие исходот од неговата употреба и дополнително да ја прилагоди својата анализа согласно потребите на надлежните институции.

**2.1.2.2.Унапредување на механизмите за приоритизација на СТР-ите** и усогласување на доставувањето на извештаите и известувањата од страна на УФР согласно оперативните потреби на институциите.

**2.1.2.3. Зајакнување на капацитетите на УФР за водење стратешка анализа**, во зависност од утврдените трендови.

---

[50] подобрување на правната рамка за водење на финансиски истраги и обука на вработените во институциите за нејзина ефикасна примена; подобрување на функционалноста на единиците за водење на финансиски истраги во МВР, УФП и ЦУ; формирање на мешовити тимови за водење на финансиски истраги под раководство на јавен обвинител; воспоставување на интегриран систем на обуки; унапредување на електронска размена на податоци и документи со институциите кои содржат релевантни податоци за водење на финансиски истраги; интензивирање на соработка со ЕУ Агенциите

2.1.2.4. Зајакнување на **материјално технички капацитети на УФР.**

**Клучни правци за дејствување/мерки:**

2.1.1. Јакнење на **капацитетите на институциите за водење финансиски истраги** преку **имплементација** на Стратегијата **за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот,** Приоритетна област 1: Пронаоѓање, идентификување и следење на незаконски стекнатиот имот во земјата и странство Посебна цел 1.1: Институциите спроведуваат финансиски истраги во согласност со ЕУ стандардите

**2.1.2.Ќе се обезбеди добивање повратни информации од органите за спроведување на законот (МВР, ЦУ и УФР) и ОЈОГОКК до УФР во однос на доставените извештаи и известувања преку:**

- Назначените контакт лица од институциите електронски ги добиваат извештаите и известувањата од УФР;
- Контакт лицата од институциите користејќи го ИТ системот на УФР доставуваат повратни информации за исходот од постапувањето по доставените извештаи и известувања од УФР;
- Одржување на периодични состаноци со назначените контакт лица со цел подигнување на свеста за значењето и потребата од навремено доставување на повратни информации
- Изготвување на шест месечни извештаи за статусот на добивање на повратни информации и негово доставување и разгледување од страна на Советот за борба против ПП и ФТ;
- Изготвување на шест месечна анализа на добиените повратни информации што ќе влијае на подобрување на квалитетот на известувањата и извештаите кои УФР ќе ги доставува до надлежните институции

2.1.3. Врз основа на обезбедените повратни информации, како и последователните анализи, **УФР ќе изготвува шестмесечно ажурирање на критериумите за приоретизација на СТР-ите на случаите** врз основа на доставените повратни информации од институциите. На овој начин ресурсите на надлежните органи ќе бидат распоредени за постапување со кривични дела со највисок ризик.

**2.1.4. УФР ќе ги зајакне капацитетите за водење на стратешка анализа** преку дополнително вработување или назначување на аналитичари, нивна континуирана обука и обезбедување на ИТ алатки за стратешка анализа.

**2.1.5. Материјално-техничките капацитетите на УФР ќе се зајакнат преку:**

- обезбедување дополнителни просторни капацитети согласно потребите за постапување со класифицирани податоци;
- набавка на модул за прибирање, анализа и обработка на податоци од давателите на услуги на виртуелни средства и обука за негово користење;
- изработка на апликација за изработка на девизни контролници од страна на Царинска Управа и автоматско преземање на податоците од страна на УФР;
- обезбедување на електронска размена на податоците со институциите преку платформата за интероперабилност.

ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД:

- **зголемен број на извештаи од УФР доставени до истражните органи ( МВР,ЦУ и УФП);**
- **зголемен број на финансиски истраги спроведени паралелно со криминалистичката истрага, во согласно со утврдениот ризик**

Посебна цел 2.2: Кривичното дело *Перење пари и други приноси од казниво дело* е целосно усогласено со меѓународните стандарди и обезбедена е ефикасна казнена политика за негово гонење и санкционирање

Со ратификацијата на Конвенцијата на Обединетите Нации против недозволената трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции од 1988 година (Виенска Конвенција) и Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Палермо Конвенција) Северна Македонија во националниот правен поредок ги воспостави основите за криминализација на перењето пари.

Предизвици и мерки за нивно надминување

**2.2.1. Обезбедување на целосна усогласеност на кривичното дело "Перење пари и други приноси од казниво дело" со 3-та препорака на ФАТФ.**

Во согласност со наведените конвенции, *Перењето пари и други приноси од казниво дело* е предвидено како кривично дело во Кривичниот Законик. Во Извештајот на MONEYVAL констатирано е дека кривичното дело нашата држава е во голема мерка усогласено со препораката на ФАТФ[51]. Криминализирани се повеќето аспекти на перењето пари, но сепак се забележени одредени недостатоци, кои според тимот на MONEYVAL се од минорна природа.

**2.2.2. Обезбедување на воедначено толкување и разбирање на кривичното дело перење пари од страна на правосудните органи во согласност со меѓународните стандарди**

Анализите спроведени во рамка на НРА, како и согледувањата на тимот на евалуатори презентирани во Извештајот на MONEYVAL доведуваат до заеднички заклучок дека во ***судската пракса се детектирани недостатоци во однос на толкувањето и разбирањето на кривичното дело "Перење пари и други приноси од казниво дело"*** што има директни импликации во однос на докажувањето на ова кривично дело. Имено, неопходно е обезбедување воедначено толкување и разбирање дека постоењето на пресуда за предикативното дело не е предуслов за поднесување обвинение за кривичното дело перење пари.

**2.2.3. Блага казнена политика која ја зголемува заканата за државата од вршење на ПП**

Во периодот од 2019-2023 година за кривичното дело "Перење пари и други приноси од казниво дело" правосилно се осудени 20 лица. Највисока изречена казна за наведеното кривично дело е казна затвор од 5 години која е изречена за 2 лица, додека против 4 лица е изречена казна затвор во траење од 1 до 4 години. ***Најчесто изречена мерка е условна осуда*** (13 лица). Во однос на правните лица, парични казни не се изречени, ниту има обвинение за правните лица за ова кривично дело, што ја наметнува потребата од сеопфатна анализа за утврдување на причините.

**Клучни правци на дејствување/мерки:**

**2.2.1. Целосно усогласување на законското битие на кривичното дело "Перење пари и други приноси од казниво дело" со препораките на ФАТФ ќе се постигне со изменување и дополнување на КЗ во кои ќе бидат инкорпорирани препораките од Извештајот на MONEYVAL.**

**2.2.2. Ќе се обезбеди воедначено толкување и разбирање во однос на докажувањето на кривичното дело перење пари од страна на судиите и обвинителите во согласност со меѓународните стандарди преку:**

- Донесување на правно мислење на Врховниот Суд;
- Донесување на Упатство за обвинителите кое ќе обезбеди нивно воедначено постапување по кривичното дело перење пари особено во делот на обемот на обезбедување на доказите за предикативно дело.
- Обука на судиите и јавните обвинители.

---

[51] Препораката бр.3: кривично дело перење пари

2.2.3. Казнената политика за кривичните дела перење пари ќе се зајакне преку:

- Изготвување на анализа за изречените казни перење пари и во зависност од резултатите на истата да се предложи измена и дополнување;
- Изготвување на анализа со која ќе се утврдат причините за немање пресуда за правните лица за перење пари и во зависност од резултатите на истата да се предложат соодветни законски измени

**ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Број на спроведени обуки на судии и јавни обвинители во однос на донесените правни акти**

**Посебна цел 2.3: Зголемена ефикасност во откривањето и гонењето на сторителите на кривично дело перење пари**

- **Северна Македонија има воспоставено адекватни институционални структури за истрага и гонење на ПП:** МВР (во чија организациска структура е воспоставен Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал), ЦУ ( во чии рамки е воспоставена Службата за финансиски истраги), УФП (Одделение за откривање на перење пари и други приноси од казниво дело и Одделение за финансиски истраги) и ЈО (ОЈОГОКК) кој раководи со предистражната и истражната постапка и ја има на располагање правосудната полиција.
- **Воспоставен е Национален Координативен Центар за борба против организиран и сериозен криминал** во рамки на МВР, кој функционира како платформа за координација и размена на оперативни информации помеѓу МВР, ЦУ, УФП, УЈП, УФР и ЈО.
- **Истражни центри се формирани во ЈО**, екипирани со припадници на правосудна полиција[52], кои заеднички и координирано постапуваат по одделни предмети под директна контрола и наредба на надлежен јавен обвинител.

Предизвици и мерки за нивно надминување

**2.3.1. Недоволни човечки, материјално-технички капацитети на Јавното обвинителство**

Недостатокот на потребниот број на јавни обвинители, како и јавно обвинителски службеници, особено ИТ експерти, финансиски експерти ја отежнува работата на јавните обвинители кои раководат со предистражната и истражната постапка. Како приоритетни активности се наметнуваат обезбедувањето

[52] Правосудна полиција се полициските службеници од Министерството за внатрешни работи и припадниците на Финансиската полиција, со закон овластени лица на Царинската управа и овластени службени лица на Министерството за одбрана.

на дополнителни ресурси на ОЈОГОКК, особено специјализирани обвинители, финансиски експерти и дигитални форензички аналитичари како и зголемување на капацитетите на истражните центри во рамки на ЈО, што исто така е во согласност со препораките од оценската мисија од 2023 година.

Клучни правци на дејствување:

2.3.1.Јакнење на кадровските, материјално-технички капацитети и пристапот до базите на податоци на другите институции (Јавното обвинителство и истражните центри) преку

- Имплементација на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот-
  Приоритетна област 1: Пронаоѓање, идентификување и следење на незаконски стекнатиот имот во земјата и странство Посебна цел 1.1: Институциите спроведуваат финансиски истраги во согласност со ЕУ стандардите;
- Имплементација на Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027, Подобласт 5.5. Борба против корупција и 5.6. Борба против организиран криминал.

| |
|---|
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: број на истраги и обвиненија за кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело |

**Посебна цел 2.4: Зајакнување на капацитетите на институциите надлежни за привремено обезбедување и конфискација на имот и управување со одземениот и конфискуваниот имот**

Конфискацијата на имот и имотна корист се врши согласно одредбите од Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и меѓународните договори. Во насока на обезбедување на услови за успешна конфискација на незаконски стекнатиот имот и имотна корист во согласно со правото на ЕУ, донесени се и следните закони:

- **Закон за Канцеларијата за поврат на имот** (во понатамошниот текст: АРО Канцеларија).[53]
  Канцеларијата е основана во 2019 година во рамките на Јавното обвинителство и има надлежност да презема активности за добивање информации и податоци за пронаоѓање и идентификување приноси и друг имот или имотна корист во земјата или странство што произлегле или се во врска со кривичните дела. Освен тоа, АРО Канцеларијата има обврска редовно да собира, обработува и анализира сеопфатни статистички податоци во однос на привремени мерки заради обезбедување и конфискација.

[53] Службен весник на Република Северна Македонија бр 66/2024

- **Проширен е каталогот на кривични дела за кои може да се примени институтот проширена** конфискација со донесувањето на измените и дополнувањата на Кривичниот Законик[54] од 2023 година.
- **Со донесувањето на** Законот **за конфискација на имот во граѓанска постапка**[55] во нашето законодавство се воведе последниот, четврт модел на конфискација кај нас, таканаречената **"конфискација без осудителна осуда, односно граѓанска конфискација"** кога се исполнети условите предвидени со закон. Законот воедно и обезбедува зајакната меѓународна соработка и признавање на одлуките на странски суд за конфискација на имот во граѓанска постапка.
- Донесен е новиот Закон за **управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка** во кој се вградени меѓународните стандарди за постапување со конфискуваниот имот[56] кој треба да обезбеди постапките за управување со конфискуваниот имот да се спроведуваат брзо и ефикасно, кои ќе резултираат со брза продажба на одземениот и конфискуваниот имот и со тоа и директен прилив во Буџетот.

Зајакнувањето на капацитетите за институциите за конфискување и поврат на имот во согласно со правото на ЕУ се предмет на уредување и на други стратешки документи чии проектирани мерки треба да обезбедат конкретни и видливи резултати и потврдување на заложбата дека конфискацијата е стратешки приоритет во борбата против организираниот криминал, пред се во:

- **Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот** (2025-2028) со соодветниот АП
- **Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027**

**Предизвици и мерки за нивно надминување:**

### 2.4.1. Недоволни капацитети на институциите за конфискација и поврат на имот

**Канцеларијата за АРО** иако е формирана во 2019 година, сеуште се соочува со недостатоци во однос на капацитетите неопходни за извршување на законските обврски. Целосна оперативност на АРО Канцеларијата ќе се обезбеди преку заокружување на правната рамка; обезбедување на материјално-технички и кадровски капацитети; пристап до другите бази на податоци, меѓуресорска координација преку назначување на контакт лица од другите институции за размена на податоците со АРО, воспоставување на безбедносен линк за размена на информации со АРО Канцелариите на другите држави.

Голем исчекор ќе се постигне со воспоставувањето на **електронска интегрирана база на податоци во** АРО Канцеларијата, во која покрај примените и доставени барања од и до АРО канцелариите, ќе бидат содржани податоци за изречените мерки за привремена забрана за располагање и конфискација, со што

---

[54] Службен весник на Република Северна Македонија бр.188/2023
[55] "Службен весник на Република Северна Македонија " бр.53/2024
[56] Директивата 2014/42/ЕУ на Европскиот парламент и Европскиот совет од 3 април 2014 за замрзнување и конфискација на предмети и приноси од казниво дело во Европската унија.

ќе се овозможи нивена анализа и евиденција.На овој начин ќе се обезбеди детална статистика за активностите кои се релевантни за конфискацијата и ќе се создаде основа за подоцнежни анализи.

**Агенцијата за управување со одземен и конфискуван имот** се соочува со истите предизвици: потреба од кадровско зајакнување и техничко опремување; воспоставување на електронски регистер за одземениот имот; овозможување размена на податоци со другите институции; подобрување на просторните капацитети за чување на одземениот имот.

Чекорите за надминување на овие недостатоци се определени во Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот.

**2.4.2. Потреба од подобрување на правната рамка во однос на привременото обезбедување и конфискација на имот и имотна корист како принос од кривично дело**

Анализите спроведени во рамки на НРА ја детектираат потребата од подобрување на правната рамка во однос на привременото обезбедување и конфискација на имот и имотна корист. Во тој контекст со донесување на новиот Закон за кривична постапка меѓу другото ќе се надминат констатираните недостатоци во однос на **траењето на привремените мерки за обезбедување на имот**, кои единствено можат да го сочуваат имотот за подоцнежна конфискација само ако траат до правосилно завршување на постапката. Дополнително со наведениот закон ќе се доуредат одредени аспекти од **посебната постапка за конфискација на имот или имотна корист без водење на кривична постапка** (кога постојат фактички или правни пречки за водење на кривична постапка против лицето кое извршило кривично дело).

Иако одредбите за **проширена конфискација** беа воведени со реформите на казненото материјално право од 2009, сепак оваа одредба вистински не доживеа ефикасна примена. Со новиот Закон за кривична постапка ќе се надминат констатираните недостатоци и ќе се до разработат одредбите кои ја уредуваат оваа постапка, следејќи ги ЕУ стандардите.

**2.4.3. Воспоставување на систем на конфискација во граѓанска постапка**

Иако Законот за конфискација на имот во граѓанска постапка ја започна својата примена во 2024 година, потребно е создавање на институционални капацитети (обезбедување човечки ресурси, нивна обука, материјално-техничка опременост) за **ефикасна примена на постапката за конфискација без осудителна осуда**, односно во граѓанска постапка. Фокусот ќе биде насочен кон јакнење на капацитетите на субјекти вклучени во постапката за конфискација на имот во граѓанска постапка, пред се во ЈО, ДПРСМ, УФП, судовите и АУОИ.

**Клучни правци на дејствување:**

Со оглед дека горенаведените предизвици се препознаени и воедно се проектирани конкретни мерки за нивно адресирање во Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот и во Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027, клучните правци на дејствување ќе бидат насочени кон:

**2.4.1. Јакнење на човечките и материјално-технички капацитети на институциите вклучени во конфискацијата на имот ( АРО канцеларија, АУОИ) преку:**

- Имплементација на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот

  Приоритетна област 1: Пронаоѓање, идентификување и следење на незаконски стекнатиот имот во земјата и странство Посебна цел 1.2. Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларијата) е целосна оперативна и функционална

  Приоритетна област 2: Привремено обезбедување и конфискација на имот и имотна корист; Посебна цел 2.1. Унапредување на примената на привремените мерки за обезбедување и конфискација

  Приоритетна област 3: Управување со привремено одземениот и конфискуван имот, вклучително и негова пренамена за социјални цели
- Имплементација на Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027, Подобласт 5.7. Поврат на имот.

**2.4.2. Подобрување на правната рамка во однос на привременото обезбедување и конфискација на имот и имотна корист како принос од кривично дело**, преку донесување на нов Закон за кривична постапка и обука на правосудните органи за негова примена

**2.4.3. Воспоставување на систем на конфискација во граѓанска постапка** преку

Имплементација на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот

| |
|---|
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: **Зголемена вредност на привремено одземен и конфискуваниот имот во кривична и граѓанска постапка,** <br><br> **Зголемена вредност на привремено одземен и конфискуваниот имот за кривичните дела согласно утврдените ризици** |

ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3: СПРЕЧУВАЊЕ ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ

ОПШТА ЦЕЛ 3: Ефикасно откривање и санкционирање на финансирање на тероризам

ПОКАЗАТЕЛ НА ЕФЕКТ: Зголемен број на правосилни пресуди за финансирање на тероризам

Изложеноста на Западниот Балкан кон заканите и ризиците кои произлегуваат од насилниот екстремизам и тероризам, дополнети со феноменот на „странските терористички борци", ги поставуваат активностите за справување со овие транснационални закани за врвни приоритети на земјата. Во тој контекст Северна Македонија во континуитет развива политики за спротивставување на тероризмот, вклучително и финансирање на тероризам што се фокусираат на подобрување на

свесноста на заканата, развивајќи притоа способности за откривање и санкционирање на сторителите на овие кривични дела.

- **Северна Македонија е кредибилен партнер во меѓународните** напори за борба против тероризмот и членка на Глобалната коалиција за победа над ИСИС. Со членството во НАТО, Северна Македонија како дел од политичко-воената алијанса придонесува во градењето на ефикасен координиран одговор за справување со тероризмот кој во овој момент преставува директна асиметрична закана за безбедноста на граѓаните. Покрај досегашната успешна оперативна соработка со Интерпол и Европол[57], нова политичка рамка за дијалог и соработката со партнерите од Европската Унија за широк спектар на безбедносни прашања вклучително и борба против тероризам е воспоставена со потпишувањето на Партнерството за безбедност и одбрана помеѓу Европската Унија и Северна Македонија[58]. Конкретни чекори за јакнење на капацитетите за справување со ФТ се дефинирани и во ревидираниот договор помеѓу Европската Комисија и Северна Македонија "Заеднички акциски план за борба против тероризам".
- **Меѓуагенциската соработка претставува силна компонента на целокупниот систем за борба против ФТ** во земјата. Покрај Секторот за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам во МВР (СБТНЕР), правосудната полиција, ЈО, АНБ, АР значајна е и улогата и Националниот комитет за борба против тероризам и насилен екстремизам кој ја задржува примарната функција за координиран одговор меѓу институциите во остварување на 4-те стратешки приоритети (превенција, заштита, гонење и одговор). Дополнително, истражните центри во рамки на ЈО во кои партиципираат претставници од правосудната полиција (МВР, ЦУ, УФП) раководени од страна на јавен обвинител придонесуваат за поефикасна меѓу агенциска соработка.
- Изготвени се **индикатори за препознавање на сомнителни трансакции за финансирање на тероризам, финансирање на пролиферацијата** како и посебни индикатори за препознавање на сомнителни трансакции кај НПО секторот. Наведените индикатори се придружени со Упатство за практична примена за препознавање на сомнителни трансакции.
- **Воспоставена е правна основа и ефикасно се применуваат алтернативни мерки** кои се користат кога не е возможно водење на судска постапка: протерување на странец[59], одбивање на влез[60], забрана за влез,[61] назначување на домашна листа во согласност со Резолуцијата 1373 на ОН, односно согласно Законот за рестриктивни мерки.
- **Паралелни финансиските истраги се дел од истрагите за делата тероризам** кои ги спроведува СБТНЕР во МВР, во чие спроведување се користат и податоци обезбедени од

---

[57] Република Северна Македонија учествува во аналитичките работните досиеја на Европол и преку воспоставената платформа СИЕНА се разменуваат оперативни информации со Европол
[58] Потпишано во Брисел, 19 ноември 2024 година
[59] Закон за странците ("Службен весник на Република Северна Македонија " бр.97/18; 108/19 и 294/21) член 149
[60] Закон за странците, член 17
61 Закон за странците, член 153

Европол и странските безбедносни служби. Во рамки на проектот со „Global Center on cooperative security", изготвен е „Водич за истраги на дела поврзани со финансирање на тероризам наменет за истражители и обвинители во Република Северна Македонија" и истиот е достапен на надлежните истражни органи и ЈО и објавен на рестриктивна веб страна на Управата за финансиско разузнавање. Овој Водич треба да им помогне на истражителите и јавните обвинители при водењето на финансиски истраги поврзани со финансирање на тероризам.

| |
|---|
| **Посебна цел 3.1:** Кривичното дело *Финансирање на тероризам* е усогласено со меѓународните стандарди и обезбедена е негова ефикасна имплементација |

Предизвици и мерки за нивно надминување:

3.1.1. Извештајот на МАНИВАЛ констатира дека Северна Македонија постигна напредок во **криминилизирањето на финансирањето на тероризмот, но се уште постојат недостатоци во однос на нејзиното усогласување со барањето на Препораката 5 на ФАТФ.** Пред се, со делото ФТ треба да се опфатат сите дејствија кои претставуваат кривично дело во рамките и како што е дефинирано во Договорите наведени во анексот на Меѓународната Конвенцијата за ФТ. Постојат одредени недостатоци кои се состојат, првенствено, во отсуство на регулирање на стекнување на средства и финансирањето на индивидуален терорист за било која цел. Исто така, дефиницијата за средства не вклучува „економски ресурси", додека некои специфични аспекти на делото ФТ, како што е финансирањето на патувањата на поединци за терористички цели, не се опфатени. Во однос на правните лица, сè уште постојат ограничувања на нивната одговорност за ФТ и системот на санкции не обезбедува соодветна пропорционалност и разубедување преку достапните казни[62].

3.1.2. Обезбедување на унифицирано толкување и примена на кривичното дело "финансирање на тероризам" од страна на правосудните органи и органите за спроведување на законот

| |
|---|
| **Клучни насоки на дејствување/мерки:**<br><br>3.1.1.Северна Македонија ќе продолжи да ја усогласува својата правна рамка за спречување на финансирањето на тероризам со меѓународните стандарди. Констатираните недостатоци во однос на усогласеноста на кривичното дело "финансирање на тероризам"(член 394-в од КЗ) со препораката на ФАТФ ќе бидат надминати со донесувањето на новиот Кривичен Законик.<br><br>3.1.2. Во фокусот на идните активности ќе биде обезбедување за унифицирано толкување и примена кривичното дело финансирање на тероризам преку донесување: |

[62] Констатирано во Извештајот на МАНИВАЛ, техничка усогласеност со 5-та ФАТФ препорака стр.210

| |
|---|
| ➢ СОП за јавните обвинители за начинот на постапување во случаи на тероризам и финансирање на тероризам кои ќе ги вклучуваат опсегот и изворите на информациите кои треба да бидат основа за отпочнување на истрага за ФТ;<br>➢ СОП на МВР за начинот на постапување во случаи на откривање и докажување на кривичното дело тероризам и финансирање на тероризмот;<br>➢ спроведување заеднички и мултидисциплинарни обуки за ефикасна примена на кривичното дело финансирање тероризам. |
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД:<br><br>**Зголемување на бројот на донесени правните акти за кривичното дело "Финансирање на тероризам" во согласност со меѓународните стандарди** |

| |
|---|
| **Посебна цел 3.2:** Институциите надлежни за спречување, откривање и санкционирање на финансирање на тероризам располагаат со доволно човечки и материјално-технички капацитети |

Предизвици и мерки за нивно надминување

Иако Република Северна Македонија има изградено институционален капацитет (ЈО, МВР, УФР, АНБ, АР) со јасно дефинирани надлежности во справувањето со финансирањето на тероризмот, сепак нивна заедничка карактеристика е недоволната кадровската пополнетост. Неопходно е инвестирање во специјализиран кадар кој ќе поседува знаење, компетенции, вештини да одговори на новите предизвици и новите технологии. Неопходен е засилен институционален одговор манифестиран преку подобрени технички и технолошки капацитети на институциите да ги детектираат, истражат и да ги санкционираат сите активности кои се користат за финансирање на терористичките активности.

| |
|---|
| **Клучни насоки за дејствување/мерки:**<br><br>➢ Зајакнување на кадровските и технички капацитети на секторот надлежен за водење на истраги за откривање/ спречување на финансирање на тероризам во МВР,<br>➢ Јакнење на кадровските на ОЈОГОКК и истражните центри согласно систематизацијата на работни места<br>➢ Спроведување на мултидисциплинарни обуки за истражителите, УФР и ЈО за новите техники и технологии за финансирањето на активностите на радикалните и екстремистички групи и поединци (користење на крипто средства, интернет платформи за плаќање и др.) |
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: **зголемување на бројот на вработени во МВР (СБТНЕР), ОЈОГОКК и истражните центри** |

**Посебна цел 3.3:** Зајакнати механизми за превенција од злоупотреба на непрофитните организации[63] (НПО) за целите на финансирање на тероризам, без при тоа да се загрози легитимната активност на НПО

Предизвици и мерки за нивно надминување

Заштитата на НПО од злоупотреба на ФТ е суштествена компонента на глобалните напори за спречување и борба против тероризмот и неопходен чекор за зачувување на интегритетот на НПО, донаторската заедница и финансиските институции кои ги користат. Мерките на заштита на НПО од потенцијална злоупотреба на финансирање на тероризам се насочени и ќе се применуваат во согласност со пристапот заснован на ризик, при тоа не нарушувајќи ги легитимните активности на НПО.

Согласно Извештајот за проценка на ризик од ФТ на НПО (2021), анализата на квантитативните и квалитативните податоци, не е утврдено ФТ преку НПО во Северна Македонија. Спроведената анализа посочува дека 87% од НПО кои се усогласени со дефиницијата на НПО на ФАТФ[64] имаат низок ризик, а за околу 13% ризикот е низок кон среден. Сепак, постои можност НПО чија дејност е од социјално-хуманитарен, културно-образовен и религиозен карактер да бидат инволвирани или злоупотребени за целите на ФТ во случај кога постои некој од ризик факторите[65]. Во насока на зголемување на свеста за потенцијалната изложеност на ризиците од оваа област и вклучување на мерки за превенција, размена на добри пракси УФР изготви Прирачник за НПО (2022), како и Извештај за спроведената проценка на ризик од ФТ за НПО (2021).

**Клучни насоки за дејствување/мерки:**

- Воспоставување на механизам за надзор/ мониторинг заснован врз ризик над НПО;
- Ажурирање на Национална проценка на ризик за злоупотреба на НПО за ФТ;
- Унапредување на соработката со НПО и донаторите преку промовирање на транспарентност, одговорност, интегритет, спроведување едукација и размена на примери на добри пракси со цел зголемување на свесноста од ризикот од нивна злоупотреба за целите на ФТ

ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД:
-Донесена методологија за мониторинг заснован врз ризик над НПО
-Донесена Национална проценка на ризик за злоупотреба на НПО за ФТ

[63] Правни лица, правни аранжмани или организации кои примарно се вклучени во прибирање или прераспределба на средства за добротворни, религиозни, културни, образовни или социјални цели или друг вид на добротворни активности
[64] Стандардите на ФТАФТ за НПО се: Препораката 8 и Директниот резултат 10
[65] Раководството на НПО се лица експоненти на верско радикална идеологија; НПО се формирани или активни во региони утврдени како ризични за тероризам; донации/спонзорства трансферирани од земји кои се со висок ризик или земји во кои има конфликти или војни; НПО не обезбедуваат информации за своите активности или финансиски трансакции

| |
|---|
| -Број на одржани состаноци со НПО |
| **Посебна цел 3.4:** Спречување на користење на средства на лицата определени со резолуциите на ООН |

Исполнувајќи ги препораките на ФАТФ, Република Северна Македонија воведе сет на мерки и активности кои имаат за цел намалувањето на ризиците од прекршувањето или не имплементирањето на таргетираните финансиски санкции, како и намалување на ризиците од избегнување и евазија на таргетираните финансиски санкции. Пред се, Законот за рестриктивни мерки (ЗРМ)[66] обезбедува правна основа за спроведување на резолуциите на Советот за безбедност на ОН кои се однесуваат на ФТ и финансирање на ОМУ. Согласно одредбите на наведениот закон, рестриктивните мерки [67] (таргетираните санкции) се итни и се применуваат без одлагање.[68] Субјектите од ЗСППФТ и Агенцијата за катастар имаат обврска да ги спроведуваат сите донесени финансиски мерки согласно ЗРМ. Со цел навремено информирање на субјектите за меѓународните рестриктивни мерки УФР води Консолидирана листа на рестриктивните мерки кои се поврзани со ФТ и ФП и истата ја објавува на својата рестриктивна веб страна до која субјектите од ЗСППФТ имаат пристап преку посебна лозинка одобрена од УФР. Дополнително, УФР изготви Упатство за постапување по финансиски рестриктивни мерки против тероризам и пролиферација. При имплементација на финансиските рестриктивни мерки сите субјекти од ЗСППФТ своето постапување подетално го имаат регулирано со подетални интерни процедури.

Предизвици и мерки за нивно надминување

3.4.1. **Дополнително усогласување на националното законодавство со препораките на ФАТФ.** Иако многу технички аспекти се уредени со ЗРМ, сепак во Извештајот на Moneyval детектирани се умерени недостатоци во однос на некои клучни критериуми. Техничката усогласеност со Препораките на ФАТФ бр. 6 и 7 оценета е како делумно усогласена.

3.4.2. **Надградување на механизам на транспарентност и јавна достапност на ажурираната консолидирана листа на УФР до сите физички и правни лица.** Обезбедување на навремено информирање на сите физички и правни лица за ажурираната консолидирана листа од страна УФР.

3.4.3. Зголемување на свесноста за примена на рестриктивните мерки

[66] Службен весник на РМ бр.190/2017

[67] ембарго на стоки и услуги; ембарго на оружје; забрана за влез во Република Северна Македонија; финансиски мерки и други мерки согласно меѓународното право

[68] Резолуциите на ОН со кои се воведуваат рестриктивни мерки веднаш по нивното усвојување, а најдоцна во рок од 24 часа се објавуваат на интернет страницата на МНР

| |
|---|
| **Клучни насоки на дејствување/мерки:**<br>3.4.1. Формирање на работна група за утврдување на потребата од донесување на измена на Законот за рестриктивни мерки во насока на имплементирање на препораките на Moneyval и изготвување на анализа за ефектите од евентуалните измени врз правните и физичките лица во Република Северна Македонија<br>3.4.2. Автоматско објавување на ажурираната консолидирана листа на рестриктивната веб страна на УФР;<br>Надградување на консолидираната листа во насока на нејзино автоматско електронско ажурирање при секоја промена<br>3.4.3. Ажурирање на упатставата за примена на рестриктивните мерки;<br>-Организирање обуки за примена на рестриктивните мерки, вклучително и за НПО кои се идентификувани со поголем ризик од ФТ;<br>-Изготвување на насоки/упатства и типологии за заобиколување на санкции, вклучително и преку НПО, кои ќе бидат предмет на редовно ажурирање и нивно објавување на веб страната на УФР; |
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: **Донесена анализа за утврдување на потребата од донесување на измена на Законот за рестриктивни мерки во насока на имплементирање на препораките на Moneyval и за ефектите од евентуалните измени**<br>**Објавени упатства на веб страната на УФР** |

ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4: СПРЕЧУВАЊЕ НА ФИНАСИРАЊЕ НА ОРУЖЈЕ ЗА МАСОВНО УНИШТУВАЊЕ

ОПШТА ЦЕЛ 4: Разбирање на ризиците поврзани со ФП и ефикасна имплементација на мерките за попречување на ФП

Показател на ефект: Број на одржани работилници за ризиците од ФП и отсуство на изречени санкции за непочитување на прописите за СПФ

Република Северна Македонија како земја членка на НАТО и кандидат за членство во ЕУ ги прифаќа принципите на мултилатеризам и меѓународна соработка утврдени во стратешките политики на ЕУ и НАТО во однос на спречување на финансирање на пролиферацијата на ОМУ како една од најголемите безбедносни закани

Постапувајќи согласно меѓународните стандарди и насоките содржани во Извештајот на МАНИВАЛ, Извештајот за НРА 2024 за прв пат ги идентификува и заканите од финансирање на ширење на ОМУ.Врз основа на анализите на податоците обезбедени врз основа на методологијата на РУСИ, заканите од финансирање на ширење на ОМУ се проценети како ниски.

Предизвици и мерки за нивно надминување:

4.1. Потреба од дополнително усогласување на националното законодавство

4.2 Идентификување и разбирање на ризиците од ФП и и заобиколување на мерките за ПФ

4.3. Зголемување на степенот на координација на надлежните органи за ФП

4.4. Обезбедување на конзистентен пристап на супервизорите во однос на примената на санкциите за финансирање на ОМУ во сите сектори;
4.5. Подигнување на свесноста и разбирањето меѓу субјектите за ризиците од ФП

Посебна цел 4.1: Усогласување на националното законодавство со меѓународни стандарди

| Клучни насоки на дејствување/мерки: |
| --- |
| ➢ Формирање на работна група за утврдување на потребата од донесување на измена на Законот за рестриктивни мерки во насока на имплементирање на препораките на Moneyval и изготвување на анализа за ефектите од евентуалните измени врз правните и физичките лица во Република Северна Македонија;<br>➢ Ажурирање на Упатството за примена на рестриктивни мерки поврзани со санкции за ФП |
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Донесен закон и подзаконски акт во согласност со меѓународни стандарди |

Посебна цел 4.2: Разбирање на ризиците од ФП и и заобиколување на мерките за ПФ

Клучни правци на дејствување/мерки:

➢ Ажурирање на проценката на ризик од ФП

- Зголемување на свесноста на субјектите за ризиците од ФП и заобиколување на мерките за ФП

**ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Донесен Извештај за проценката на ризик од ФП**

**Број на спроведени обуки за ризиците од ФП и заобиколување на мерките за ПФ**

| |
|---|
| **Посебна цел 4.3:** Зголемена координација меѓу надлежните органи за ФП |

**Клучни правци на дејствување/мерки:**

- Измена на ЗСППФТ заради проширување на надлежностите на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам
- Измена и дополнување на деловникот за работа на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам

**ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: новиот ЗСППФТ пропишува проширена надлежност на Советот и**

**Новиот Деловник ја пропишува надлежноста на Советот во делот ФП**

| |
|---|
| **Посебна цел 4.4:** Обезбедување конзистентен пристап на супервизорите во однос на примената на санкциите за финансирање на ОМУ во сите сектори |

**Клучни правци на дејствување/мерки:**

- Донесување на Упатство за постапување при спроведување надзор над примена на рестриктивни мерки поврзани со ФП; наменето за сите супервизори
- Спроведување на обуки наменети за сите супервизори

**ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Донесено Упатство за супервизорските органи**

**Број на спроведени обуки на супервизорите за примена на санкциите за финансирање на ОМУ**

| |
|---|
| **Посебна цел 4.5:** Подигнување на свесноста и разбирањето помеѓу субјектите во однос на таргетирани финансиски санкции поврзани со финансирање на ширење на ОМУ |

**Клучни правци на дејствување/мерки:**

- Организирање на обуки за примена на рестриктивните мерки поврзани со ОМУ
- Изготвување на типологии за заобиколување на санкции и нивно објавување на веб страна на УФР

**ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Број на објавени типологии за заобиколување на санкции на веб страна на УФР**

**Број на спроведени обуки на субјектите за заобиколување на санкции**

ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 5: ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

**ОПШТА ЦЕЛ 5: Субјектите кои имаат обврска да преземаат мерки и дејствија за спречување на ПП и ФТ ги применуваат превентивните мерки сразмерно на ризиците на кои се изложени и доставуваат до УФР навремени и квалитетни извештаи за сомнителни трансакции**

Показател на ефект: Зголемување на број на СТР, анализирани и доставени до истражните органи, во согласност со профилот на ризик на државата

Општата цел ќе се реализира преку следните посебни мерки:

Посебна цел 5.1: Зголемување на разбирањето на субјектите за ризикот од ПП и ФТ

Превентивниот систем во Република Северна Македонија е утврден во ЗСППФТ кој во голема мерка е усогласен со препораките на ФАТФ.[69] Согласно одредбите од законот, субјектите се должни да изготват проценка на ризикот од ПП и ФТ и редовно да ја ажурираат; да воведат и применат програми за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од ПП и ФТ, како и да ги применуваат сите мерки пропишани со ЗСППФТ согласно утврдените ризици. За целите на примена

[69] Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам ("Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 208/20024) се обезбеди поголема техничка усогласеност со следните препораките на ФАТФ: Препорака 9- Закони за тајност на финансиските институции; Препораката 10-Длабинска анализа на клиентот; Препораката 11-Водење на евиденција; Препораката 12-Политички експонирани лица; Препораката 15-Нови технологии; Препораката 16- Банкарски трансфер; Препораката 18-Интерни контроли, странски експозитури и придружници.

на овој пристап базиран на ризик сите субјекти треба да спроведат проценка на ризик која е во рамките на НРА.

| **Клучни насоки на дејствување/мерки:**<br><br>➢ Работилници за информирање на ризиците од ПП/ ФТ/ ФП утврдени со НРА и други стратешки документи<br>➢ Изготвување на едукативен материјал/ упатство со кој ќе се подигне свеста кај сите субјекти за утврдување на ризиците од ПП/ ФТ/ ФП |
|---|
| **ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Број на одржани работилници** |

| Посебна цел 5.2: Зголемување на ефикасноста на субјектите да ги преземаат превентивните мерки согласно утврдениот ризик за ПП и ФТ |
|---|

Субјектите согласно ЗСППФТ имаат обврска за преземаат мерки и дејствија за СППФТ, односно да вршат анализа на клиентот, засилена анализа над клиент (за носител на јавна функција, клиент од високоризична држава, за непрофитни организации како и за сложени и невообичаено големи трансакции); да ги чуваат податоците и документите, вклучително и за вистинскиот сопственик; собраните податоци, информации и документи, да ги достават до УФР во случај на готовинска трансакција во износ од 15.000 евра или повеќе или при постоење на основи на сомневање дека е извршено ПП и ФТ; должни се да именуваат овластено лице за СППФТи/или формирање на оддел за СППП и ФТ, како и да вршат внатрешна контрола над спроведувањето на мерките и дејствијата за СППФТ[70].

Анализата содржана во НРА ја утврдува ранливоста на различните сектори кои би можеле да бидат злоупотребени за ПП и ФТ и евидентен е различен степен на ризик кај пооделни сектори. Познавањето на слабостите, ризиците на кои секторите се изложени е од исклучителна важност, пред се заради воспоставување на механизми за спречување на неговите злоупотреби.

| **Клучни насоки на дејствување/мерки:**<br><br>➢ Врз основа на спроведените анализи и заклучоци во НРА, се дефинираат мерки кои треба да обезбедат поефикасна примена на мерките за СПП/ ФТ/ ФП адекватна на идентификуваните ризици. Предложените мерки во Акциониот план се дефинираат пооделно и специфично за секој тип на субјекти согласно природата и волуменот на |
|---|

[70] Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, член 9

| |
|---|
| дејноста која ја вршат, односно се дефинирани специфични за банкарскиот сектор; секторот за хартии од вредност; осигурителниот сектор; правните и физички лица кои се занимаваат со промет на недвижности; приредувачите на игри на среќа; лицата кои примаат во залог подвижни предмети и недвижности; давателите на услуги поврзани со виртуелни средства и др. |
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД:<br>- **Број и квалитет на доставени СТР по сектори**<br>- **Респонзивност по изречени мерки** |

| |
|---|
| **Посебна цел 5.3:** Подобрување на квантитетот и квалитетот на извештаите за сомнителни трансакции кои субјектите ги доставуваат до УФР |

Разбирањето на ризиците од ПП и ФТ и консеквентно преземањето на превентивни мерки се разликува по секторите, кое може да се согледа и преку (не)доставувањето на Извештаи за сомнителни трансакции (СТР) до УФР, како и квалитетот на доставените СТР-и.

**Банкарскиот сектор** има најголемо учество од речиси 80% во бројот на доставени СТР до УФР во анализираниот период, при што 65% од доставените СТР од банките се оценети со средно ниво на квалитет, 15% со високо ниво на квалитет, а 20% со ниско ниво на квалитет[71].

**Другите финансиски организации**[72]: Овластените менувачници во периодот од 2019-2023 до УФР не доставиле ниту еден СТР, додека друштвата за управување со доброволни пензиски фондови доставиле само еден СТР во периодот од четири години. Кај давателите на услуги брз трансфер се забележува подобрување на ефикасноста на нивните внатрешни системи за идентификување и следење на невообичаени трансакции и евидентирани се 146 СТР доставени во УФР.

**Нефинансиските професии и дејности**[73]: мал број на доставени СТР –и само од неколку сектори и тоа: нотари, адвокати и адвокатски друштва и друштвата за ревизија. Анализите укажуваат на потребата од подобро разбирање на ризиците од ПП и ФТ, познавање на типологиите и трендовите во рамки на секторот, како и на недоволно ниво на практична обука за примена на одредбите од ЗСППФТ. Некои сектори воопшто немаат доставено СТР до УФР (казина; агенции за промет со недвижности;

[71] Квалитетот на доставените СТР е ценет врз основа на следните критериуми: датум на доставување на СТР, период на анализа, број на доставени СТР, опфатени лица во СТР, квалитет на анализа, користење на отворени извори на податоци при анализата, број на индикатори по кои е утврдено сомнение, документација анализирана за доставениот СТР и доставени дополнителни барања во врска со СТР

[72] овластени менувачници, даватели на услуги на брз трансфер на пари, даватели на финансиски лизинг, финансиски друштва, друштва за управување со доброволни пензиски фондови

[73] Правни и физички лица кои вршат посредување во промет со недвижности ( агенции за недвижности); Приредувачи на игри на среќа во играчница (казино) , приредувачи на игри на среќа во автомат клуб, приредувачи на игри на среќа во обложувалница, приредувачи на електронски игри на среќа, приредувачи на игри на среќа – лотариски игри на среќа, нотари, адвокати и адвокатски друштва , друштва за ревизија, заложувалница, правни и физички лица кои даваат сметководствени услуги

приредувачи на игри на среќа во обложувалници, приредувачи на електронски игри на среќа; правни лица кои вршат сметководителски услуги)

| Клучни правци на дејствување:<br><br>➢ Одржување заеднички состаноци, работилници, обуки;<br>➢ Изготвување на едукативен материјал со кој ќе се подигне свеста кај сите субјекти за доставување СТРи, особено субјектите кои не доставуваат СТР;<br>➢ Изготвување на Упатство за субјектите со податоци кои треба да се пополнуваат во СТР-ите и пропратна документација на СТРот со цел зголемување на квалитет на СТРите |
| --- |
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Број на СТР кои се оценети со ниско ниво на квалитет во однос на вкупниот број на СТР по сектори |

ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 6: НАДЗОР

ОПШТА ЦЕЛ 6: Надзорните органи го спроведуваат надзорот, ја следат и обезбедуваат усогласеност на работата на субјектите со нивните обврски во спречувањето на ПП и ФТ, во согласност со пристапот базиран на проценка на ризик од ПП и ФТ на кои што тие сектори се изложени

Показател на ефект: Број на спроведени надзори адекватно на ризикот од ПП/ ФТ

Ефективниот надзор заснован на проценка на ризик од ПП и ФТ е суштествен столб на секој кредибилен и изграден систем за спречување на ПП и ФТ. Во тој контекст, надзорните органи имаат значајна улога во заштитата на финансискиот систем и другите сектори од злоупотребата на криминалците и терористите преку: (i) подигнување на свеста и разбирањето на ризиците од ПП од страна на субјектите кои се предмет на надзорот, (II) следење на усогласеноста на работата на субјектите кои се предмет на надзор со законски утврдените обврски за СППФТ и (III)отстранување на констатираните неправилности и прекршоци

Надзорот над примената на мерките и дејствијата утврдени со ЗСППФТ го вршат следните надзорни органи:

- **Народна банка на Република Северна Македонија** врз банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги на парични дознаки и други финансиски институции кои даваат платежни услуги;
- **Агенција за супервизија на осигурување** врз друштвата за осигурување, осигурително брокерски друштва и друштва за застапување и застапници во осигурување;
- **Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија** врз брокерски куќи, банки со дозвола за работа со хартии од вредност, друштва за управување со отворени и затворени инвестициски фондови;
- **Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување** врз друштвата кои управуваат со доброволни пензиски фондови;
- **Управа за јавни приходи** врз приредувачите на игра на среќа, правните и физичките лица кои вршат посредување со промет на недвижности, давање совети од областа на даноците и правните лица кои вршат дејност на примање во залог на подвижни предмети и недвижности;
- **Агенција за пошти** врз АД Пошта на Република Северна Македонија;
- **Комисија на нотари** во рамки на Нотарската Комора на Република Северна Македонија врз нотарите;
- **Комисија на адвокати** во рамки на Адвокатската Комора на Република Северна Македонија врз адвокатите;
- **Управа за финансиско разузнавање** врз останатите обврзани субјекти и како и на правните лица чија дејност е купопродажба на нови возила и извршителите.

Анализите спроведени во рамки на НРА, како и препораките содржани во Извештајот на Moneyval ги идентификуваат предизвиците во остварувањето на ефективниот надзор, пред се:

- Подобрување на координацијата помеѓу надзорните органи;
- Потреба од ревидирање на барањата за влез на пазарот за финансиски институции со цел обезбедување на униформност кај сите сектори; да се зајакнат барањата за влез на пазарот во однос на нефинансиските дејности, како и да се воведат барања за влез на пазарот за агентите за недвижности, дилерите со скапоцените камења и метали и даватели на услуги за виртуелни средства;
- Обезбедување на униформиран пристап во однос на проценката на ризик на субјектите кои се предмет на надзор
- Неопходност од промена на режимот на прекршочни санкции со цел да се обезбеди дека наметнатите санкции се пропорционални, ефективни и одвраќачки

Општата цел ќе се воспостави преку следните посебни цели:

Посебна цел 6.1: Унапредување на соработката и координацијата меѓу надзорните органи

За целите на обезбедување на поефикасна размена на финансиските, административните информации, информациите добиени врз основа на извршениот надзор врз субјектите, вклучително и податоци за типологии и трендови за спречување на ПП и ФТ, УФР со надзорните органи ќе ја унапредат соработката и меѓусебната координација преку воспоставување на нови форми на соработка.

Клучни правци на дејствување:

- Формирање и обезбедување целосна ефикасност на постојано работно тело составено од претставници од сите надзорни органи;
- Потпишување на нов Меморандум за разбирање за размена на информации за спречување ПП и ФТ;
- Потпишување на меморандуми или договори за соработка во областа на надзорот помеѓу домашните надзорни органи и надзорни органи на другите држави

**ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Извештаи од одржани состаноци на работното тело составено од претставници од сите надзорни органи**

Посебна цел 6.2 : Понатамошно зајакнување на капацитетите и ресурсите на надзорните органи со цел подобрување на примената на пристапот базиран на проценка на ризикот од ПП и ФТ

Во насока на подобрување на ефикасноста на спроведување на надзорот за СППФТ и доследна примена на пристапот базиран на проценка на ризикот од ПП и ФТ, капацитетите на надзорните органи ќе се зголемат преку обезбедување на доволно ресурси, подобрување на правна рамка во одредени сектори, како и подобрена експертиза на членовите на надзорните органи.

Клучни правци на дејствување:

- Врз основа на спроведените анализи и заклучоци во НРА, се дефинираат мерки кои треба да обезбедат поефикасен надзор над примена на мерките за СПП/ ФТ/ ФП адекватна на идентификуваните ризици. Предложените мерки во Акциониот план се дефинираат поделно и специфично за секој надзорен орган согласно законски утврдените надлежности.

ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Број на обуки, број на лица вклучени во оценка на ризикот, број на спроведени надзори (теренски и вонтеренски надзори) во согласност со профилот на ризик на субјектите кои се предмет на надзор,

Посебна цел 6.3: Подобрување на системот на санкции и обезбедување дека изречените казни се пропорционални, ефективни и од вракачки

Клучни правци на дејствување:

- Анализа на одредбите од ЗСППФТ кои се однесуваат на прекршочните санкции и постапката за издавање на прекршочен платен налог;
- Усвојување на соодветни законски измени во согласност со резултатите од спроведената анализа;
- Обука на членовите на надзорните органи и судиите за примена на прекршочните санкции кои се нормирани во ЗСППФТ

ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Број на изречени мерки (административни мерки и прекршочни санкции)

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 7: ПРАВНИ ЛИЦА И ПРАВНИ АРАНЖМАНИ

ОПШТА ЦЕЛ 7: Спречување на злоупотреба од пп/ фт/ фп на правните лица и правните аранжмани

ПОКАЗАТЕЛ НА ЕФЕКТ: Зголемен број на идентификувани правни лица или правни аранжмани кои се злоупотребени за целите на ПП/ ФТ/ ФП

Општата цел ќе се реализира преку следните посебни мерки:

Посебна цел 7.1:Зголемување на степенот на адекватни, точни и ажурирани податоци во регистарот на вистински сопственици

Република Северна Македонија презема низа на правни и административни мерки за да ја спречи злоупотребата на правните лица и правните аранжмани (труст или друга слична правна форма

основана согласно со регулативата на странска држава) за целите на ПП и ФТ, пред сѐ преку прикривање на сопственичката и управувачката структура на правните лица и со тоа неможност да се потврди нивниот идентитет и соодветно да се утврди степенот на ризик.

- Со воспоставувањето на **трговскиот регистар и регистарот на други правни лица** во Централниот Регистар на Република Северна Македонија се овозможи јавност, транспарентност и лесна достапност до податоците кои се од значење за вршење на дејноста на правното лице, пред се податоци за доделениот број на обврзник на ДДВ, лиценци, посебни дозволи, концесии и други информации за правното лице.
- Голем чекор напред во обезбедувањето на транспарентноста на сопственичката структура на правните лица е постигнат со воспоставувањето на **регистарот на вистински сопственици** во Централниот регистар кој овозможува прием, евидентирање, обработка, чување и размена на податоци за вистински сопственици во електронска форма[74]. Со функционалноста на наведениот регистар се исполнуваат меѓународните стандарди на ФАТФ (Препораки: 10, 24 и 25) и обврските кои произлегуваат од ЕУ Директивите.[75] Деловниот субјект има обврска за упис на вистински сопственик во рок од 15 дена од уписот во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица, како и обврска за внесување на секоја промена на вистинскиот сопственик во рок од 15 дена од настанување на промената.
- Изготвена е **Проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам во врска со правни лица** коишто можат да се основаат во Република Северна Македонија, нерезидентни правни лица кои имаат поврзаност со државата и трустови и слични правни аранжмани (2024)

**Предизвици и мерки за нивно надминување**

**7.1. Зајакнати механизми на дополнителна контрола на точноста и адекватноста на податоците запишани во регистарот на вистински сопственици**

Согласно Законот за трговските друштва[76] при уписот во трговскиот регистар, Централниот регистар проверува дали поднесените прилози при упис ги задоволуваат формалните елементи пропишани со законот.

Во однос на обврската за утврдување на вистинскиот сопственик, правните лица се должни да обезбедат, чуваат и да ги ажурираат податоци за вистинскиот сопственик и за правната форма и сопственичката структура, при што правните лица се одговорни за точноста, соодветноста и ажурноста на податоците внесени во регистарот[77]. Централниот регистар во својство на администратор на

---

[74] Во Регистарот ќе се евидентираат следните податоци: а) податоци за правниот субјект назив, седиште, ЕМБС и даночен број, датум на основање и бришење на деловниот субјект; б) податоци за правниот аранжман; в) податоци за вистинскиот сопственик лично име, единствен матичен број или друг идентификациски број, адреса на постојан и привремен престој, датум на раѓање, даночен број, државјанство; г) податоци за сопственоста на вистинскиот сопственик и д) податоци за денот кога лицето се стекнало со својство на вистински сопственик

[75] Директивата на Европскиот Парламент и Советот 2018/843 за превенција и употреба на финансискиот систем на Унијата за целите на перењње пари и финансирање на тероризам од 30 мај 2018 година.

[76] Закон за трговски друштва, член 94

[77] Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, член 30

регистарот на вистински сопственици во однос на обврската за упис на вистинскиот сопственик на субјектите има евиденција за бројот на обврзани субјекти кои ја исполниле обврската и извршиле упис на вистинскиот сопственик, а исто така, има и информација и за тоа дали при уписот е запазен законски предвидениот рок (во случај на новооснован субјект, односно во случај на променет вистински сопственик во согласност со пријавеното од подносителот).

Анализата на податоците во рамки на НРА утврди дека постои недостаток на супервизија/проверка на точноста и ажурноста на податоците за вистинските сопственици. Наведените недостатоци се констатирани и во Извештајот на МАНИВАЛ во кој се препорачува да се воведат нови механизми или да се засилат постоечките во однос на (I) проверка на сите информации дадени во фазата на регистрација на правно лице; (II) навремено откривање и регистрација на промените на основните и на информациите за вистински сопственик/ци и (III) надзор на точноста и навремено ажурирање на информациите.

### 7.2. Зајакнат надзор врз правните лица

Неопходно е да се зајакне надзорот над правните лица за да се утврди степенот до кој тие се придржуваат кон нивните обврски за вистинската сопственост и постапуваат по несогласувањата во однос на податоците за вистински сопственици забележани од страна на субјектите на ЗСППФТ, како и забелешките доставени од регистрационите агенти во однос на поднесоците на информации за вистинската сопственост.

Клучни правци на дејствување:

**7.1.1.Мерки за зајакнување на контролата во однос на точноста и адекватноста на податоците на правните лица дадени во фазата на регистрација или при промените:**

- Воведување на системска контрола и нотификација согласно системот на ризик (СОРИС) со што ќе се обезбеди засилена анализа и контрола при верификација на документите при упис на промена;
- Воспоставување на систем за годишно потврдување на запишаните податоци во Регистарот на вистински сопственици, систем за пријавување на дискрепанци во однос на утврдени разлики, односно нелогичности во уписите (споредба помеѓу уписите во Регистарот на вистински сопственици и уписите во Трговскиот регистар и Регистарот на други правни лица – РДПЛ ), како и систем за верификација на податоци на вс (преку дополнителна достава на документација) на субјектите кај кои ќе биде утврдено високо ниво на ризик од страна на СОРИС;
- Обука/презентација на сите субјекти за пријавување на разлики (дистрибуција на материјали за обука преку рестриктивната страна на УФР)
- Забелешки (диксрепанци) да се пријавуваат и од страна на останатите субјекти по член 5 (не само од банките), така што субјектот при настапување во правниот и платниот промет би бил маркиран/соодветно означен се до моментот на утврдување на реалната фактичка состојба;

- Воспоставување на процедури за постапување во случај на утврдени разлики, односно нелогичности во уписите, разрешување на дискрепанците .
- Да се направи анализа за утврдување на потребата и да се пристапи кон промена на регулатива и организациска промена.

**7.1.2. Мерки за правилно разбирање на концептот на вистински сопственици, со посебен фокус на "други облици на контрола" :**

- Ажурирање и дисеминација на упатството за идентификување на вистински сопственик со посебен фокус на "други облици на контрола" ;
- Одржување на работилници и обуки за приватниот сектор за начинот на идентификација на вистинскиот сопственик со фокус на " други облици на контрола". Обуката треба да го продлабочи знаењето за утврдување на вистинскиот сопственик, внесување на податоци во рвс, значењето на полето забелешка, неподелување на информациите обезбедени преку СОРИС. Треба да се организира посебна обука за адвокатите и сметководителите како најчести подносители на пријави во регистарот на вистински сопственици.;
- Изготвување публикација за најчестите идентификувани грешки и неправилности при запишување на вистинските сопственици во регистарот на вистински сопственици;

***7.1.3. Мерки за зајакнување на надзорот над правните лица во однос на нивното придржување кон обврските за вистински сопственици:***

- Анализа на потребата од предвидување и на други надзорни органи како вршители на инспекциски надзор поврзан со чување и запишување на податоци за вистинскиот сопственик;
- Интензивирање на надзорот ( вклучително и на вонтеренскиот надзор) од страна на инспекциските органи

| |
|---|
| **ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Намален број на пријавени дискрепанци** |
| **Број на обуки поврзани со идентификување на вистински сопственик** |

Посебна цел 7.2. Воспоставување на единствен регистар на сметки

Единствен регистар на сметки е национален, централизиран и електронски систем на информации и податоци за денарските и девизните платежни, депозитни или други сметки, вклучувајќи ги и платните инструменти поврзани со нив, за издадените сефови, како и за идентитетот на сопствениците на сметките и сефовите, на вистинските сопственици, на законските застапници и/или лицата што се овластени за работење со истите[78];

[78] Закон за платежни услуги и платни системи, член 2 точка 29

Единствен регистар на сметки (во натамошниот текст: ЕРС) се воспоставува и одржува од страна на Централен регистар на Република Северна Македонија заради ефикасно извршување на платежни трансакции, отворање на платежни сметки со основни функции, следење на неактивните сметки, спроведување на платните налози за присилна наплата, спроведување на активностите за спречување перење пари и финансирање тероризам и извршување на статистички и супервизорски задачи, како и добивање пристап до информациите и податоците од ЕРС заради непречено и непрекинато извршување на активностите на надлежните органи во рамките на нивните надлежности утврдени со закон.

Банките, штедилниците, филијалите на странски банки, платежните институции, институциите за електронски пари, Народната банка на Република Северна Македонија, Трезорот, Трезорот на Фондот, Управата за јавни приходи и Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија доставуваат информации и податоци заради упис во ЕРС. Пристап до информации и податоци од регистарот имаат органите наведени во член 176 став 3 и став 4 од ЗПУПС.

| |
|---|
| Клучни правци на дејствување/мерки:<br>➢ Обезбедување на пристап на УФР до воспоставениот регистар |
| ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД:Обезбеден пристап до Регистарот на сметки |

ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 8: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ОПШТА ЦЕЛ 8: Меѓународната соработка се спроведува на систематски начин во случаите на откривање и докажување на перење пари, поврзани предикативни дела или финансирање на тероризам со странски елемент, како и пронаоѓање на незаконски стекнатиот имот

Показател на ефект: Број на разменети информации за сторители на ПП и ФТ, како и за конфискуван имот

Со ратификацијата на релевантните меѓународните конвенции на Обединетите Нации и на Советот на Европа нашата држава во националниот систем ги инкорпорира стандардите кои треба да придонесат кон зајакнување на меѓународниот одговор на глобалната закана од ПП и ФТ. Дополнително, билатералните и мултилатералните договори и аранжмани овозможуваат брза и директна размена

______________________________

на информации со што се обезбедува и широк опсег на меѓународна правна помош во врска со истрагите, обвиненија и другите постапки поврзани со ПП и ФТ.

Меѓународната соработка во кривичната материја се заснова на следните начела: заштита на суверенитетот, сигурноста или безбедноста; двојна инкриминираност; забрана за двојно казнување, фактички реципроцитет, итност и ефикасност во постапувањето, директна комуникација и соработка на правосудните органи и заемно признавање и извршување на судски одлуки.

Со цел обезбедување брза и ефикасна соработка и размена на информации се користат следните канали за комуникација преку кои се одвива меѓународната соработка во кривичната материја :

-**Министерството за правда**, кој е централен орган во Република Северна Македонија за примање и доставување на замолница за меѓународна правна помош (МПП) или барање за меѓународна соработка во кривична материја;

- Судови и **Јавно обвинителство на Република Северна Македонија** (во чии рамки е формирано Одделението за меѓународна правна помош[79]), при што во услови на заемност или кога е тоа предвидено со потпишаните билатерални и мултилатерални договори му овозможуваат на ЈОРСМ директна соработка со обвинителствата и другите институции во странство[80];

- **Канцеларијата за поврат на имот** (АРО Канцеларија), во однос на пронаоѓање и идентификување на имот или имотна корист во земјата или странство, преземање привремени мерки што се состојат во привремено обезбедување на имот и средства кои потекнуваат од кривично дело,

-**Единицата за меѓународна координација на органите за спроведување на законот во Република Северна Македонија**, чија улога ја извршува Секторот за меѓународна полициска соработка во МВР. Воспоставените канали за соработка со ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, СЕЛЕК, вклучувајќи ги и офицерите за врски кои се обединети на наведената единица за меѓународна координација континуирано со користат од истражителите од МВР, ЦУ и УФП за размена на оперативни информации,

- **Министерство за надворешни работи**, во случај кога не постои меѓународен договор или со меѓународниот договор е предвидена комуникација по дипломатски пат.

Најчести земји од кои била побарана меѓународна правна помош се балканските земји, Турција и Соединетите Американски Држави. Најчесто барања за меѓународна правна помош пристигнуваат од балканските земји, Холандија, Германија, Чешка, Словачка, Турција, Романија и други[81].

Врз основа на потпишани договори за соработка обезбедена е соработка со правосудните органи на земјите членки на ЕУ и тоа:

-**Европравда** (Агенција на ЕУ за полициска и правосудна соработка во кривични предмети EUROJUST), за кривични дела од надлежност на Европравда, која се спроведува врз основа на потпишан Договор за соработка помеѓу Република Северна Македонија и Европравда (2009 год.), а се остварува преку

---

79Во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија во текот на 2023 година, преку Одделението за меѓународна правна помош биле примени и испратени вкупно 453 барања за меѓународна правна помош што претставува зголемување за 20% во однос на 2022 година. Годишен извештај за работата на ЈО за 2023

80Домашниот правосуден органи се должни во рок од 15 дена да го известат МП за прием на замолници или барања директно примени преку странски орган

81 Годишен извештај за работата на јавните обвинителства за 2023 година

назначување на јавен обвинител за врски од Република Северна Македонија во Европравда и лица за контакт со Евро правда[82]

- **Европската правосудна мрежа во кривичната материја**, преку која се воспоставуваат директни контакти помеѓу домашните правосудни органи и надлежните правосудни органи на државите членки на ЕУ, за чија реализација министерот за правда назначува лица за контакт од редот на вработените во Министерството за правда, судии или јавни обвинители, како и Национален координатор за соработка со Европската правосудна мрежа;

- **Европско јавно обвинителство**, врз основа на потпишан Работен договор на Јавното обвинителство за соработка со Европското јавно обвинителство (2022 г) кој има за цел да ја олесни меѓусебната соработка и размена на информации особено кога станува збор за злоупотреба на финансиски средства од европските фондови.

**Управата за финансиска полиција** е национална контакт точка за соработка со Европската Агенција за борба против измами (ОЛАФ). Покрај размената на информации преку Секторот за меѓународна соработка во МВР, УФП ги користи и каналите на Управата за финансиско разузнавање за размена на информации за странски банкарски трансакции и сметки.

**Царинската управа** во рамките на своите законски овластувања остварува меѓународна соработка со други земји на полето на царинското работење, врз основа на потпишани договори, меморандуми и протоколи. Одделот за разузнавање при Царинската управа по електронски пат доставува барања за информации до други царински служби преку платформите на Светската царинска организација.
УФР остварува меѓународна соработка со единиците за финансиско разузнавање на други држави преку размена на релевантни податоци, информации и документација за целите на спречување и откривање на ПП и ФТ која се одвива преку безбедни електронски меѓународни комуникациски системи (ESW безбедносен канал). Иако договорите за соработка со овластените органи на други држави не се предуслов за меѓународна соработка, УФР има потпишано 61 меморандум за разбирање со единиците за финансиско разузнавање на други држави. Освен тоа, членството во Егмонт групата[83] обезбедува сигурна размена на финансиско разузнавачки податоци, како и размена на искуства, добри пракси за имплементација на меѓународните стандарди во борбата против ПП и ФТ. Наведената платформа ја олеснува и забрзува меѓународната соработка, при тоа заштитувајќи ја доверливоста на добиените податоци.

**Посебна цел 8.1 : Воспоставување на интегриран систем за управување со предмети поврзани со МПП**

**Предизвици и мерки за нивно надминување:**

[82]Соработката со Европравда бележи континуиран раст: во текот на 2023 година евидентирани се 36 нови предмети, од кои 14 се иницирани од надлежни органи на Република Северна Македонија, додека 22 предмети се иницирани од држави членки на ЕУ, Годишен Извештај за работата на ЈО за 2023.

[83] Егмонт групата е меѓународна асоцијација во која членуваат 177 единици за финансиско разузнавање од целиот свет

I. **Обезбедување електронско поврзување на системите за управување со случаи LUIRS во JOPCM и МП**

Во рамки на МП и JOPCM воспоставен е електронски систем за управување со случаи LUIRS преку кој се врши мониторингот на извршувањето на пристигнатите барања за МПП. Меѓутоа, наведените електронски системи не се меѓусебно поврзани што го отежнува следењето на постапувањето по поднесените барања за МПП и преставува пречка за поголема ефикасност на меѓународната соработка. Воспоставувањето на интегрираниот систем ќе ја наметне потребата од кадровско и техничко зајакнување на капацитетите на JOCM и МП.

Иако меѓународната соработка во Република Северна Македонија се одвива непречено, сепак утврдена е потреба од водење на детални статистички податоци за барања за меѓународна правна помош, кои би се однесувале и за кривичното дело перење пари.[84] Во овој момент МП и JOPCM засебно водат детална статистика. Со меѓусебно поврзување статистиката ќе биде единствена и попрецизна.

II. **Обезбедување подобрена координација и механизми за приоретизација во постапување по барањата за МПП**

Следејќи ги препораките на МАНИВАЛ, потребно е да се воспостават јасни политики за тоа како институциите ефикасно да управуваат, следат и обезбедуваат МПП и воедно да се постигне приоретизација на постапувањето по барањата за МПП согласно утврдениот ризик од кривични дела.

Координацијата на институциите вклучени во извршување на МПП (МП, JOPCM, МВР, ЦУ, УФП, УФР, судовите) ќе биде зајакната со потпишување на Меморандум за меѓународна соработка врз чија основа ќе се донесат СОП/насоки за постапување за сите институции вклучени во извршувањето на МПП. Со наведениот СОП ќе се специфицираат одредени оперативни аспекти за ефикасно управување, следење и обезбедување МПП, временскиот период за одговор на добиеното барање за МПП, како и за начинот на водење на статистичките податоци.

Со донесување на новиот Закон за меѓународна соработка во кривични предмети (2027) ќе биде предвидена брза размена на информации, давање на приоритет на одредени предмети и нивно брзо извршување, задолжително повратно известување од правосудниот орган до централниот орган, кој потоа тоа го проследува до надлежниот странски орган.

**Клучни правци на дејствување:**

Воспоставување на интегриран систем за управување со предмети поврзани со МПП:

- Обезбедување електронско поврзување на системите за управување со предмети LUIRS во МП и JOCPM;
- Јакнење на кадровските и ИТ капацитети на JOPCM ( Одделение за меѓународна правна помош) и на МП;
- Склучување на Меморандум за меѓународна соработка;

[84] Истото е констатирано и во Извештајот на Moneyval Комитетот

- Донесување на СОП/насоки за постапување за сите институции вклучени во извршувањето на МПП (МП, ЈОРСМ, судството, институциите за спроведување на законот);
- Обезбедување на детална статистика за барања за МПП преку усогласување на начинот на водење на статистичките податоци во МП и ЈОРСМ
- Донесување на План за обука на вработените во институциите кои се вклучени во извршувањето на МПП и негова реализација
- Донесување на нов Закон за меѓународна соработка во кривична материја (2027)

**ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: Број на одговорени барања за МПП во однос на примени барања за МПП, навремени и врз основа на утврдени критериуми за приоритизација**

**Посебна цел 8.2: Подобрување на меѓународната соработка во однос на замрзнување и конфискација на нелегално стекнатиот имот во странство**

**Предизвици и мерки за нивно надминување:**

**I.Обезбедување целосна оперативност и функционалност на Канцеларијата за поврат на имот (АРО)**

Препораките на ФАТФ[85] ја наметнуваат обврската на државите да воспостават соодветен орган кој ќе презема експедитивна акција за одговор на барањето на странски држави во насока на идентификација, замрзнување, заплена и конфискација на имотот кои потекнуваат од ПП или предикативни кривични дела. Следејќи ги наведените препораки како и релевантните ЕУ директиви во оваа област, во 2019 година во рамките на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија основана е Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларија), чија надлежност е уредена со Закон за Канцеларија за поврат на имот. Во тој контекст, АРО Канцеларијата има надлежност да презема активности за добивање информации и податоци за пронаоѓање и идентификување приноси и друг имот или имотна корист во земјата или странство, да разменува информации и податоци, искуства и најдобри практики со странски АРО Канцеларии.

АРО Канцеларијае сеуште се соочува со недоволни човечки, материјално технички капацитети кои се неопходни за успешна имплементација на законското решение[86]. Од особено значење е обезбедување на директен пристап на АРО Канцеларијата до безбедносниот канал SIENA со што ќе се воспостави безбеден и сигурен канал на размена на информации со АРО канцелариите на другите држави.Реализацијата на обврските утврдени во Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот и Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027 преставува императив што ќе придонесе АРО Канцеларијата да постане целосно оперативна и функционална.

[85] Препорака на ФАТФ бр.38
[86] Во текот на 2023г разменети се 9 барања со странските АРО Канцеларии, додека во текот на 2024 (I и II Квартал) разменети се 7 барања.

II. **Потреба од усогласување на одредбите од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја со меѓународните стандарди** во областа на конфискација на имот и имотна корист, како и отстранување на лоцираните недостатоци предвидени со сегашниот закон. Со наведените законски измени ќе се надминат констатираните недостатоци имајќи ги во предвид одредбите од Конвенцијата на ОН против корупција и Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

**Клучни правци на дејствување:**

I. **Обезбедување целосна оперативност и функционалност на Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларија) преку** исполнување на мерките утврдени во:

- Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот (2025-2028) со соодветниот АП

Приоритетна област 1: Пронаоѓање, идентификување и следење на незаконски стекнатиот имот во земјата и странство Посебна цел 1.2. Канцеларијата за поврат на имот (АРО Канцеларијата) е целосна оперативна и функционална

- Реформската агенда за Северна Македонија 2024-2027

Подобласт 5.7: Поврат на имот

II. Измени и дополнувања на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја

ПОКАЗАТЕЛ НА ИСХОД: **Број на разменети информации и податоци со странските АРО Канцеларии за пронаоѓање и идентификување, следење и привремено обезбедување имот или имотна корист во земјата или странство**

## РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

### 4.1. Табеларен приказ на показателите на успешност на ниво на резултат, исход и ефект

Прилог 1: Рамка за показател на приоритетната област, општи и посебни цели заедно со почетната, преодната и крајна вредност на показателите

### 4.2. Начин на прибирање на податоците

Следењето на спроведувањето на утврдените мерки и активности се одвива континуирано во согласност со временската рамка утврдена во АП.

УФР прибира информации за реализација на АП преку координаторите кои се назначени за секоја приоритетна област. Советот за борба против ПП и ФТ ги назначува координаторите за секоја приоритетна област. Координаторите доставуваат податоци за степенот на спроведување на мерките и активностите утврдени во АП, навремено известуваат за евентуалните потешкотии, застои и ризици кои можат да произлезат во текот на спроведувањето, како и предлагаат мерки за нивно

надминување. Состаноците помеѓу УФР и координаторите се одржуваат на квартална основа, а по потреба и почесто. На состаноците се повикуваат и претставниците од институциите кај кои е детектиран ризик во имплементирањето на утврдените мерки.

### 4.3. Постапка и динамика за известување и оценување на постигнатите резултати

Постапката за известување на постигнатите резултати ќе се спроведува преку редовни периодични извештаи на квартална основа и годишните извештаи за напредокот во спроведување на АП.

**Редовните периодични извештаи на секои шест месеца** ги подготвува УФР во соработка со координаторите на соодветните приоритетни области. Извештаите се разгледуваат на седници на Советот за борба против ПП и ФТ, врз основа на кои Советот донесува соодветни заклучоци. Доколку Советот констатира дека некои активности од АП се нотирани како нереализирани во два последователни периодични извештаи, писмено го известува функционерот кој раководи со институцијата која е одговорна за реализација на наведената активност.

Нацрт **Годишниот извештај за напредокот во спроведување на АП на Националната стратегија** го изготвува УФР во соработка со координаторите на соодветните приоритетни области. УФР го доставува нацрт Годишниот извештај до Советот за борба против ПП и ФТ најдоцна до крајот на јануари во наредната година со цел негово разгледување и усвојување.

По неговото усвојување, Советот за борба против ПП и ФТ го доставува Годишниот извештај до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на февруари во наредната година и по усогласеност со неговото мислење се доставува до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до крајот на март, со барање за негово разгледување и усвојување.[87]

Годишните извештаи, по нивното усвојување од Владата на Република Северна Македонија, се објавуваат на интернет страницата на УФР, со што се обезбедува транспарентност на реализираните мерки и активности.

### 4.4. Механизам за координација

**Владата на Република Северна Македонија** ја усвојува Националната стратегија, годишните извештаи за напредокот во спроведувањето на АП на Националната Стратегија. Владата на Република Северна Македонија донесува заклучоци врз основа на информации поднесени од Советот за борба против ПП и ФТ кои се во функција на навремено исполнување на Националната Стратегија и АП.

**Советот за борба против ПП и ФТ**[88] врши координација, следење, известување и оценување на спроведувањето на Националната Стратегија и АП. Советот се состанува на седници најмалку два пати

---

[87] Годишниот извештај за спроведување на Акцискиот план на Стратегијата ќе ја применува рамката за прибирање на податоци и следење на АП, како и формата утврдени во Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.

[88] Составот на Советот за борба против ПП и ФТ е прикажан на СТР.

годишно на кои го разгледува полугодишниот извештај на УФР за спроведување на Стратегијата и АП. Доколку се забележи застој или ризици во спроведувањето на активностите од АП, УФР на своја иницијатива или барање на член на Советот може да се закаже и вонредна седница.

Врз основа на извештаите доставени од УФР, дискусиите на членовите за време на одржаната седница, Советот за борба против ПП и ФТ носи заклучоци за реализација на мерките и активностите утврдени во АП, дава насоки за реализација на одделни мерки кои се соочуваат со доцнење во нивната имплементација, презема мерки за отстранување на ризиците или потешкотии при спроведување на планираните мерки и активности и предлага мерки и активности до Владата за ефикасна имплементација.

**Управата за финансиско разузнавање** ги врши стручно-административните работи на Советот за борба против ПП и ФТ. Во соработка со координаторите на приоритетните области ги следи активностите утврдени во АП на три месечно ниво.

**Институциите кои учествуваа во спроведувањето на Националната Стратегија и АП** ги исполнуваат активностите во временски рокови во АП.

## 5. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

### 5.1 Утврдени ризици кои би можеле да влијаат врз спроведувањето и постигнувањето на општите и посебни цели

5.1.1. Отсуство на политичка поддршка за исполнување на утврдените цели во Националната стратегија;

5.1.2. Недостаток на финансиски средства за исполнување на утврдените цели;

5.1.3. Недостаток на квалификувани човечки ресурси за спроведување на утврдените цели;

5.1.4. Отпор кон промените и недоволна мотивираност на вработените во институциите;

5.1.5. Неефикасна координација, отсуство на редовни состаноци и занемарување на значењето на координацијата и меѓусебната соработка;

### 5.2. Мерки за справување со ризиците

5.2.1. Презентирање на мерките и активностите пред сите релевантни политички чинители, организирање на информативни/консултативни состаноци со политичките чинители; подигнување на свеста за потребата и бенефитите од имплементација на мерките; редовно доставување информации до Владата на Република Северна Македонија за проблемите и ризиците кои се детектирани во имплементацијата на Националната стратегија со предлог заклучоци за нивно надминување;

5.2.2. Навремено комуницирање на АП со институциите кои се вклучени во исполнување на утврдените цели од АП и нивно вклучување во буџетските планови на институциите; приоритизација

на целите и обезбедување/пренамена на буџетските средства за имплементација на мерки кои се со највисок приоритет; обезбедување на донаторска поддршка;

5.2.3. Соодветно управување со човечките капацитети; обезбедување континуирана обука и нивна специјализираност;

5.2.4. Градење политики за мотивираност и задржување на постојниот кадар; транспарентно поставување на утврдените цели и елаборирање на нивната важност, едукација на менаџерскиот кадар;

5.2.5. Развивање на ефикасен систем на мониторинг на имплементацијата на Националната стратегија; спроведување внатрешна и надворешна евалуација на степенот на имплементација.

5.3. Начин на ревидирање на Акцискиот план

Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија може да се ревидира доколку преку процесот на следење се утврди дека постои значително отстапување од динамиката за спроведувањето и во постигнувањето на очекуваните резултати. Акцискиот план може да се ажурира и во случај на значителни промени на условите и околностите кои се резултат на вонредни и непредвидливи околности, настани, услови или движења. Советот за борба против ПП и ФТ го доставува предлог ажурираниот акциски план на усвојување до Владата на Република Северна Македонија.

## 6. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа стратегија се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 57-1602/24<br>24 февруари 2026 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

## 7. АНЕКСИ

Анекс 1: Листа на кратенки

НРА- Национална проценка на ризикот од перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на оружје за масовно уништување и други поврзани ризици

ФАТФ- Оперативната Група за определување на дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам

ЕУ- Европска Унија

ООН/ ОН- Организација на Обединети Нации

КЗ- Кривичен Закон

ЗСППФТ- Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

Moneyval Комитет- Комитет на експерти за евалуација на системите за псречување на перење пари и финансирање на тероризам при Советот на Европа

Советодавно тело- Совет за борба против ПП и ФТ

ПП- Перење пари

ФТ-финансирање на тероризам

ОМУ- Оружје за масовно уништување

СППФТ- Спречување перење пари и финансирање на тероризам

УФР- Управа за финансико разузнавање

НБРСМ- Народна банка на Република Северна Македонија

КХВ- Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија

ЦДХВ- Централиот депозитар за хартии од вредност

УЈП- Управа за јавни приходи

АСО- Агенција за супервизија на осигурување

МАПАС- Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

МФ- Министерството за финансии

МВР- Министерството за внатрешни работи

ДПРСМ- Државно правобранителство на Република Северна Македонија

АРО- Канцеларија за поврат на имот

АНБ- Агенција за национална безбедност

АР- Агенција за разузнавање

ФИУ- Единица за финансиско разузнавање

ДНФБП- Нефинансиски дејности и професии

СТР- Извештај за сомнителна трансакција

ОЈООКК - Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

ЦУ - Царинска управа

УФП - Управа за финансиска полиција

ЦР - Централен регистар

ДБКИ - Дирекција за безбедност на класифицирани информации

ЗКП - Закон за кривичната постапка

НВО- Граѓански организации и фондации

Санкциони листи- Листите на ЕУ, ОН и лица опфатени согласно Законот за рестриктивни мерки

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**

| | |
|---|---|
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:**<br>**Национална политика за спречување перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на пролиферација на оружје за масовно уништување и координација** | **ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ:**<br>**Национална развојна стратегија 2024-2044, Стратешка област "Владеење на правото и добро управување", приоритет: Ефикасна борба против корупцијата, организираниот криминал и злоупотреба на власта на сите нивоа.** |
| **Општа цел: Владата ги формулира политиките и надлежните институции преземаат координирани мерки адекватно на ризиците на ПП, ФТ, финансирање на оружје за масовно уништување и другите поврзани ризици** | **Показател на ефект: Засилени координирани мерки кои придонесуваат кон висок степен на исполнетост на мерките и активностите предвидени во Националната стратегија и акцискиот план** |
| **Посебна цел 1.1:**<br>**Ризиците од ПП, ФТ и ФП се разбрани и се преземаат координирани мерки од надлежните институции** | **Показател на исход:**<br>**Број на спроведени работилници за зголемување на свеста за утврдените ризици** |

| Мерки | Активности | Водечки орган Други органи | Почетен датум (квартал) | Планиран датум на извршување (квартал) | Проценка на потребните средствата | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.1 Изготвување на дополнителни проценки и анализи за ризиците од ПП, ФТ и ФП** | 1.1.1-1 Проценка за ризик од ПП и ФТ во однос на користењето на виртуелни средства* | УФР<br>НБР<br>СМ<br>МВР<br>УФП<br>ЦУ<br>УЈП<br>КХВ | I Квартал 2026 | II Квартал 2026 | Не се потребни дополнителни средства | | **Показател на резултат**: Зголемување на бројот на проценки и анализи за ризиците од ПП, ФТ и ФП |
| | 1.1.1-2 Проценка на ризик од ПП и ФТ во однос на игрите на среќа | МФ<br>УЈП | I Квартал 2026 | III Квартал 2026 | **500.000,00** | Потенцијална донаторска поддршка | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1.1-3. Проценка на ризици од ПП предизвикани од влијанието на неформалната економија | МФ, УЈП | **I Квартал 2026** | **IV Квартал 2026** | **500.000,00** | Потенцијална донаторска поддршка | |
| | 1.1.1-4. Изготвување на SOCTA | МВР ЦУ УФП УФР ДИ ЖС | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | Не се потребни дополнителни средства | | |
| | 1.1.1-5.Изготвување на НРА за ПП,ФТ и ФП | УФР | III Квартал 2028 | IV Квартал 2028 | **1.500.000,00** | Потенцијална донаторска поддршка | |
| | 1.1.1-6. Анализа на влијанието на капацитетите и интегритетот на јавното обвинителство и судството врз ефективноста на спречувањето на ПП и ФТ | Судски Совет Совет на ЈО | I Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | **500.000,00** | Потенцијална донаторска поддршка | |
| | 1.1.1-7. Дискусија за анализата од 1.1.1-6 | Врховниот суд на РСМ<br><br>Судски Совет Совет на ЈО Републичко ЈО | IV Квартал 2026 | I Квартал 2027 | Не се потребни финансиски дополнителни средства | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.2.Воспоставување на механизам за редовно ажурирање на проценките за ризици и проценка на ризици поради специфичните околности кои го менуваат ризикот** | 1.1.2-1.Изготвување на годишни стратешки анализи | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни средства | | Показател на резултат: Изготвени годишни анализи (2026, 2027 и 2028) |
| | 1.1.2-2.Изготвување на периодични секторска проценка на ризик од ПП, ФТ и ФП | НБР СМ, КХВ, АСО, АСК ФПО, АП, АК, НК, ИОР, ИСО С. | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | |
| | 1.1.2-3.Изготвување на годишна анализа на потребата за спроведување на проценка на ризикот поради променети специфични околности и (извештај за/ стратешка) анализа на ризикот | УФР НБР СМ, КХВ, АСО, АСК ФПО, АП, АК, НК, ИОР, ИСО С | I Квартал 2026 | III Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | |
| **1.1.3. Споделување на информации и подигнување на свеста на сите учесници во системот за спречување на ПП, ФТ и ФП** | 1.1.3-1.Презентирање на резултатите од НРА, нејзините ажурирања, дополнителни проценки и анализи на учесниците во системот за спречување на ПП, ФТ, ФП (надлежни институции) | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | Показател на резултат: Зголемување на број на одржани состаноци со надлежните институции со цел подигнување на свеста од ПП, ФТ, ФП |
| | 1.1.3-2. Сите институции добиваат пристап до Извештајот на НРА и направените ажурирања | УФР | I Квартал 2026 | II Квартал 2026 | Не се потребни дополнителни | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | финансиски средства | | |
| | 1.1.3-3. Организирање работилници со цел запознавање на активностите кои можат да се злоупотребат за ПП , ФТ и ФП | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | 2.000.000,00 | Потенцијална донаторска поддршка | |
| **Посебна цел 1.2:**<br>**Подобрена координација на националната политика за спречување на ПП, ФТ и ФП** | | | | **Показател на исход: зголемен број на одржани состаноци со другите координативни тела надлежни за мониторинг на одделни секторски политики кои имаат влијание на националниот систем за спречување на ПП и ФТ** | | | |
| **1.2.1. Воспоставување на редовна соработка со координативните тела надлежни за мониторинг на секторските политики кои имаат влијание врз националниот систем за СППФТ** | | | | | | | |
| | 1.2.1-1 Презентирање на Извештајот за НРА 2025, анализи од други проценки, како и активностите од оваа Стратегија пред Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница во РСМ | УФР | I Квартал 2026 | III Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | Показател на резултат: Подготвени и дистрибуирани материјали за наодите од НРА и другите стратешки анализи до координативните тела |
| | 1.2.1-2. Презентирање на Извештајот на НРА 2025, анализи од други проценки, како и активностите од оваа Стратегија пред Националниот Комитет за сузбивање насилен екстремизам и борба против тероризам | УФР | I Квартал 2026 | III Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | |
| | 1.2.1-3. Презентирање на Извештајот на НРА 2025, анализи од други проценки, како и активностите од оваа Стратегија пред Националниот Совет за финансиски истраги и конфискација на имот | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | |
| | 1.2.1-4. Презентирање на Извештајот на НРА 2025, анализи од други проценки, како и активностите од оваа Стратегија пред Координативното тело за координација и следење на рестриктивните мерки | УФР | I Квартал 2026 | III Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.2.1-5. Презентирање на НРА 2025, анализи од други проценки, како и активностите од оваа Стратегија пред Национално координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали | УФР | I Квартал 2026 | III Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | |
| | 1.2.1-6. дефинирање на начини з меѓусебно известување и консултирање з реализација на заедничките приоритети утврдените ризици кои можат да г загрозат нивното исполнување | УФР Координативни тела наведени и во 1.2.1-2-1.2.1-5 | I Квартал 2026 | III Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | |
| | 1.2.1-7. Одржување редовни годишн состаноци за размена на информации | Совет за борба против ПП и Фт | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | |
| **Посебна цел 1.3:**<br>**Унапредување на јавно-приватното партнерство во спречувањето на ПП, ФТ и ФП** | | | | **Показател на исход:**<br>**Број на проценки и анализи за ризици од ПП, ФТ и ФП изготвени во соработка со приватниот сектор** | | | |
| 1.3.1. Унапредување на партнерството со претставниците на приватниот | 1.3.1-1. Одржување на полугодишн состаноци со претставниците н приватниот сектор | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | Показател на резултат:<br>Зголемување на бројот на состаноци со |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **сектор (Стопански комори, здруженија и асоцијации на одделни дејности на приватниот сектор)** | 1.3.1-2 Вклучување на приватниот секто при изготвување на проценки и анализи з спречување на ПП, ФТ и ФП | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | преставниците приватниот сектор |
| 1.3.2. **Унапредување на партнерството со академската јавност** | 1.3.2.1. Вклучување на академскат јавност при изготвување на истражувањ за адресирање на ризиците од ПП, ФТ и Ф | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни финансиски средства | | <u>Показател на резултат</u>: Зголемување на бројот на одржани состаноци со претставниците на академската јавност |
| **1.3.3. Подигнување на свесноста и едуцирање на јавноста за ризиците од ПП, ФТ и ФП** | 1.3.3-1. Оддржување на јавни настапи работилници, трибини | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | 1.500.000,00 | Потенцијална донаторска поддршка | <u>Показател на резултат</u>: Зголемување на бројот на одржани јавни настапи, работилници, трибини |
| | 1.3.3-2. Објавување на соопштенија | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | |
| **Посебна цел 1.4: Унапредување на системот за собирање и обработка на статистички податоци на национално ново** | | | | **<u>Показател на исход</u>**: Број на извештаи генерирани во рамките на LERMS<br><br>Број на извештаи за степенот на имплементирање на активностите од оваа Стратегија | | | |
| **1.4.1. Унапредување на системо за собирање и обработка н статистички податоци н национално ниво за следење н кривичните предмети о делокруг на организирани криминал, корупцијата, перењ пари вклучително и податоци з финансиски истраги конфискација на имот** | 1.4.1-1 Воспоставување на системот ЛЕРМС<br>Имплементација на ИПА 2021 Проект "Воспоставување на електронски систем за водење на евиденција во институциите | ЈОРСМ МВР , ЦУ и УФП | I Квартал 2026 | IV Квартал 2027 | 60.270.000,00 | Обезбедена донаторска поддршка | <u>Показател на резултат:</u> Воспоставен систем LERMS |
| **1.4.2-1. Донесување Методологија за начинот на собирање, следење на** | Формирање на работна група | УФР | I Квартал 2026 | I Квартал 2026 | Не се потребни | | <u>Показател на резултат:</u> Донесена Методологија за начинот на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **податоците и утврдување на степенот на имплементирање на активностите** | Изготвување на Методологија | УФР | II Квартал 2026 | IV Квартал 2026 | финансиски средства<br>600.000,00 | Потенцијална донаторска поддршка | собирање, следење на податоците и утврдување на степенот на имплементирање на активностите |
| **1.4.2-2 Назначување на контакт лица од институциите** | Назначување на контакт лица<br><br>Обука на контакт лицата з методологијата од 1.4.1. | УФР, МВР, ЦУ, УФП, ЈО, АРО НБР СМ, КХВ, АСО, АСК ФПО, АП, АК, НК, ИОР, ИСОС<br><br>УФР | I Квартал 2026<br><br>II Квартал 2026 | II Квартал 2026<br><br>III Квартал 2026 | Не се потребни финансиски средства<br><br>Не се потребни финансиски средства | | <u>Показател на резултат:</u> Назначени контакт лица од институциите |
| **1.4.2-3 Назначување на координатори за секоја приоритетна област** | Назначување на координатори<br><br>Обука на координаторите | УФР<br><br>УФР | I Квартал 2026<br><br>II Квартал 2026 | II Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026 | Не се потребни финансиски средства | | <u>Показател на резултат:</u> Назначени координатори за секоја приоритетна област |
| **1.4.2-4. Изработка на софтверска апликација која ќе** | Изработка на софтверска апликација | УФР<br><br>УФР | II Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026 | IV Квартал 2026<br><br>IV Квартал 2026 | 1.000.000, 00 | Потенцијална донаторска поддршка | <u>Показател на резултат:</u> Воспоставена софтверска апликација |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| го поддржи процесот на собирање на податоци | Обука на контакт лицата координаторите за користење н софтверската апликација | | | | | | |

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2: ПРАВЕН СИСТЕМ И ОПЕРАТИВНИ ПРАШАЊА

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ | |
|---|---|
| ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:<br>ПРАВЕН СИСТЕМ И ОПЕРАТИВНИ ПРАШАЊА | ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ:<br>**Национална развојна стратегија 2024-2044, Стратешка област “Владеење на правото и добро управување“, приоритет: Ефикасна борба против корупцијата, организираниот криминал и злоупотреба на власта на сите нивоа.** |
| **Општа цел 2:**<br>**Правната рамка и капацитетите на институциите обезбедуваат ефикасно откривање, гонење и санкционирање на сторителите на кривичното дело перење пари и конфискување на нелегално стекнатиот имот и имотна корист** | **Показател на ефект:**<br>Број на правосилни пресуди за сторителите на кривичното дело Перење пари и други приноси од казниво дело (со спроведена конфискација на незаконски стекнатиот имот и имотна корист |
| **Посебна цел 2.1:**<br>**Истражните органи и Јавното обвинителство развиваат и користат разузнавачки податоците, вклучително и оние обезбедени со извештаите и известувањата кои ги добиваат од УФР за целите на обезбедување докази и откривање и гонење на сторителите на кривичното дело перење пари** | **Показател на исход:**<br>➢ **зголемен број на извештаи од УФР доставени до истражните органи ( МВР, ЦУ и УФП);**<br>➢ **зголемен број на финансиски истраги спроведени паралелно со криминалистичката истрага, во согласно со утврдениот ризик** |

| Мерки | Активности | Водечки орган Други органи | Почетен датум (квартал) | Планиран датум на извршување (квартал) | Проценка на потребните средствата | Извор на финансирање | Показател на резултат (поврзан со мерката/активноста) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.1.1. Јакнење на капацитетите на институциите за** | **Имплементација на Стратегијат за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот** Приоритетна област 1 | ЈО<br>МВР<br>ЦУ<br>УФП | II Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски | | **Показател на резултат:**<br>**-Број на финансиски истраги спроведени паралелно со** |

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:**<br>**ПРАВЕН СИСТЕМ И ОПЕРАТИВНИ ПРАШАЊА** | | | | **ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ:**<br>**Национална развојна стратегија 2024-2044, Стратешка област “Владеење на правото и добро управување“, приоритет: Ефикасна борба против корупцијата, организираниот криминал и злоупотреба на власта на сите нивоа.** | | | |
| **водење на финансиски истраги** | Пронаоѓање, идентификување следење на незаконски стекнатиот имот во земјата и странство<br><br>Посебна цел 1.1: Институциите спроведуваат финансиски истраги во согласност со ЕУ стандардите | | | | средства (средствата се предвидени со СФИКИ) | | **криминалистичките истраги спроведени од ЈО, МВР, ЦУ и УФП** |
| **2.1.2. Добивање повратни информации од органите за спроведување на законот ( МВР, ЦУ, УФП) и ОЈОГОКК до УФР во однос на доставените извештаи и известувања** | 2.1.2-1. Назначените контакт лица од институциите електронски ги добиваат извештаите и известувањата од УФР | МВР, ЦУ, УФП,ОЈОГОКК | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | <u>Показател на резултат</u>: Зголемување на бројот на повратните информации од МВР, ЦУ, УФП и ОЈОГОКК до УФР |
| | 2.1.1-2. Контакт лицата од институциите користејќи го ИТ системот на УФР доставуваат повратни информации | МВР, ЦУ, УФП, ОЈОГОКК | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | |
| | 2.1.2-3. Одржување на периодични состаноци со назначените контакт лица | УФР<br>МВР, ЦУ, УФП, ОЈОГОКК | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | | |
| | 2.1.2-4. Изготвување на шестмесечни извештаи за статусот на добивање на повратни информации и нивно доставување до Советот за борба против ПП и ФТ | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | / | |

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:**<br>**ПРАВЕН СИСТЕМ И ОПЕРАТИВНИ ПРАШАЊА** | | | | **ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ:**<br>**Национална развојна стратегија 2024-2044, Стратешка област "Владеење на правото и добро управување", приоритет: Ефикасна борба против корупцијата, организираниот криминал и злоупотреба на власта на сите нивоа.** | | | |
| | 2.1.2-5. Разгледување на извештаите од точка 2.1.2-4 од страна на Советот за борба против ПП и ФТ и донесување соодветни заклучоци | Советот за борба против ПП и ФТ | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | / | |
| | 2.1.2-6. Изготвување на шест месечна анализа на добиените повратни информации | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | / | |
| **2.1.3. Изготвување на шест месечно ажурирање на критериумите за приоретизација на СТР-ите случаите врз основа на доставените повратни информации од институциите** | | УФР | I Квартал 2026 | IV Квартал 2028 | Не се потребни дополнителни финансиски средства | / | Показател на резултат:<br>Изготвени шестмесечни ажурирања |
| **2.1.4. Јакнење на капацитетите за водење на стратешка анализа, во зависност од утврдените трендови** | 2.1.4.-1. Вработување на аналитичари | УФР | I Квартал 2027 | IV Квартал 2027 | 840.000,00- | Буџет на УФР | Показател на резултат:<br>Зголемување на бројот на изготвени стратешки анализи |
| | 2.1.4-2. Спроведување на обуки за зајакнување на аналитички капацитети<br><br>2.1.4-3 Обезбедување на ИТ алатки за стратешка анализа | УФР<br><br>УФР | IV Квартал 2026 | IV Квартал 2027 | **800.000,00** | **Потенцијална донаторска поддршка** | |

| АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:**<br>**ПРАВЕН СИСТЕМ И ОПЕРАТИВНИ ПРАШАЊА** | | | | **ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ:**<br>**Национална развојна стратегија 2024-2044, Стратешка област "Владеење на правото и добро управување", приоритет: Ефикасна борба против корупцијата, организираниот криминал и злоупотреба на власта на сите нивоа.** | | | |
| | | | | | | | |
